П Р О С П Е К Т

За котација на обични акции на
Официјалниот пазар
потсегмент Задолжителна котација на
Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје

Друштво за проектирање, производство и монтажа на челични конструкции и опрема, увоз-извоз ФАКОМ АД - Скопје (ФАКОМ АД - Скопје)

ул.Булевар Александар Македонски бр. 18 , 1000 Скопје

Покровител на котацијата
ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје

Април 2013

И З Ј А В А

на Управниот Одбор на ФАКОМ АД - Скопје

Според нашите уверувања и согласно нашите сознанија и податоци со кои располагаме, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавуваме дека сите податоци од овој Проспект сочинуваат целосно и вистинито прикажување на имотот и обврските, добивките и загубите, финансиската и деловната состојба на ФАКОМ АД – Скопје, правата содржани во хартиите од вредност и дека не се изоставени податоци кои би можеле да влијаат на целовитоста и вистинитоста на овој Проспект.

ФАКОМ АД – Скопје
Управен Одбор
Претседател
д-р Златко Симоновски

Содржина:

I. Основни податоци
II. Податоци за издавачот и капиталот на издавачот
III. Податоци за деловните активности на издавачот
IV. Финансиски податоци
V. Податоци за акциите за кои се бара котација
VI. Податоци за органите на управување на издавачот
VII. Развојни перспективи
VIII. Финансиски извештаи

Прилози:

Број 1. Тековната состојба на ФАКОМ АД – Скопје.

Број 2. Ревидираните финансиски извештаи за 2011 година изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија, составени од: Ревизорски извештај, Извештај за финансиската состојба, Извештај за сеопфатната добивка, Извештај за паричните текови, Извештај за промените во главнината и Белешки кон финансиските извештаи

Број 3. Ревидираните финансиски извештаи за 2012 година изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија, составени од: Ревизорски извештај, Извештај за финансиската состојба, Извештај за сеопфатната добивка, Извештај за паричните текови, Извештај за промените во главнината и Белешки кон финансиските извештаи

I. Основни податоци

1.1. Називи и адреси на банките на издавачот

Комерцијална банка АД Скопје
Ул. Кеј Димитар Влахов бр. 4,
1000 Скопје

1.2. Назив и адреса на покровителот на котацијата

ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје
ул. Истарска број 33,
1000 Скопје

1.3. Правни советници и останати советници

ФАКОМ АД - Скопје во своето работење не користи правни и останати советници

1.4. Називот и седиштето на друштвата за ревизија кои вршеле ревизија на финансиските извештаи на друшвото во последните две години

Ревизијата на финансиските извештаи на ФАКОМ АД – Скопје за 2011 и за 2012 година ја изврши.

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје
ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр.20,
1000 Скопје

1.5. Било какви квалификации на ревидирените годишни финансиски извештаи, одбивање на ревизорот да даде мислење на извештаите, или давање на негативно мислење на извештаите, доколку го има

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје даде ревизорски извештаи со мислење без резерва на финансиски извештаи на ФАКОМ АД – Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија, за 2011 и за 2012 година.

1.6. Мислење од надворешен експерт за делови од Проспектот, доколку истото е изготвено

Не е изготвено мислење од надворешни експерти за делови од Проспектот.

1.7. Опис на родот на акциите за кои се поднесува барањето, бројот на акции и нивната номинална вредност

Барањето за котација се поднесува за 67.000 обични акции издадени од ФАКОМ АД – Скопје, со ISIN: MKFAKM 101015. Овие акции се со номинална вредност од 51,13 евра по акција или вкупна номинална вредност на сите издадени обични акции во износ од 3.425.710 евра.

ФАКОМ АД - Скопје	
Вид на акции	обични акции
Број на акции	67.000
Номинална вредност	51,13 ЕУР
Вкупна номинална вредност	3.425.710 ЕУР

II. Податоци за издавачот и капиталот на издавачот

2.1. Назив и седиште на издавачот

Друштво за проектирање, производство и монтажа на челичнни конструкции и опрема, увоз-извоз ФАКОМ АД - Скопје
ул.Булевар Александар Македонски бр. 18
1000 Скопје
(ФАКОМ АД - Скопје или Друштвото)

2.2. Тековна состојба од трговскиот регистар не постара од три дена

Тековната состојба на ФАКОМ АД – Скопје е дадена во Прилог 1 на овој Проспект.

2.3. Износот на вкупниот капитал, пооделните родови на акции со нивните главни карактеристики, бројот и вкупната номинална вредност на секој род

Основната главнина на акционерското друштво ја сочинуваат 67.000 обични акции. Номиналниот износ на една акција изнесува 51,13 ЕВРА. Износот на основната главнина изнесува 3.425.710 евра. Обичните акции на сопствениците им даваат право на глас во Собранието, право на исплата на добивката (дивиденда) и право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата, односно стечајната маса на акционерското друштво.

2.4. Одредбите од статутот кои ги регулираат промените во капиталот на издавачот и правата кои произлегуваат од различните родови на акции

Одредби од Статутот на ФАКОМ АД – Скопје кои ги регулираат промените во капиталот

Основната главнина на Друштвото може да се зголемува или намалува само со измена на Статутот на Друштвото по постапка и начин утврден со Законот за тровски друштва.

Со Одлуката на Собранието за намалувањето односно зголемувањето на основната главнина истовремено се определува целта, причините, како и постапката за спроведување на намалувањето односно зголемувањето.

Одредби од Статутот на ФАКОМ АД – Скопје кои ги регулираат правата кои произлегуваат од различните родови на акции

Обичните акции на сопствениците им даваат:
- право на глас во Собранието;
- право на исплата на добивката (дивиденда);
- право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата, односно стечајната маса на акционерското друштво

2.5. Промените во структурата на капиталот за последните две години, во смисла на износите на емитираниот капитал и бројот и родовите на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал

Во 2011 и во 2012 година, не се извршени промени во структурата на капиталот на ФАКОМ АД – Скопје, во смисла на износите на емитираниот капитал и бројот и родовите на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал.

2.6. Износот на сите должнички конвертибилни хартии од вредност, со опис за правилата и процедурите на конверзија

Друштвото нема издадено должнички конвертибилни хартии од вредност.

2.7. Имињата односно називите на акционерите кои поседуваат над 5% од акциите со право на глас

Име на сопствезник	Број на акции
REPRO ONE LIMITED, ROAD TOWN, PASEA ESTATA TORTOLA, BRITISH VIRGIN ISLANDS	65.145 обични акции или 97,23% од вкупниот капитал

2.8. Доколку издавачот поседува мнозинско учество во одредени друштва, краток опис на меѓусебната поврзаност, како и родот и бројот на акциите во сопственост на издавачот

ФАКОМ АД - Скопје не поседува мнозинско учество во останати друштва.

2.9. Ревидирани финансиски извештаи на издавачот и/или консолидирани ревидирани финансиски извештаи на издавачот и неговите зависни друштва, за период од две години

Ревидираните финансиски извештаи за 2011 и 2012 година изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија, составени од: Ревизорски извештај, Извештај за финансиската состојба, Извештај за сеопфатната добивка, Извештај за паричните текови, Извештај за промените во главнината и Белешки кон финансиските извештаи се дадени во Прилог 2 и Прилог 3 на овој Проспект.

2.10. Податоци и информации доколку издавачот е во постапка на издавање на акции заради спојувања, поделби, или понуди за преземања други друштва

Друштвото не е во постапка за издавање на акции заради спојувања, поделби или понуди за преземање на други друштва.

III. Податоци за деловни активности на издавачот

3.1. Опис на основните дејности на издавачот, наведувајќи ги главните производи и услуги

Основната дејност на ФАКОМ АД - Скопје е производство и монтажа на челична конструкција и делови на конструкции, сите видови на заварени носачи и изградба и како монтажа на опрема за капитални индустриски и термоенергетски објекти како што се:

- Заварени лимени носачи
- Профилирани челични поцинковани и пластифицирани лимови
- Градежни челични конструкции
- Браварија (врати, прозорци, желузини) за градежни објекти
- Контејнери за живеење во компактна или расклоплива изведба, контејнери за превоз на разни товари, контејнери резервоари итн.
- Силосни постројки за житарици, прашкасти материјали и др.
- Резервоари и складишта за течни материјали
- Разни кранови, дигалки (мосни, портални,конзолни)
- Челични градби за градежни и рударски машини и опрема (транспортни траки, багери, одлагачи)
- Термоенергетски постројки (котли, филтри, цевоводи, пумпни станици)
- Процесна опрема за металургија, хемиска и прехрамбена индустрија и други технолошки линии
- Индустриски објекти
- Јавни, културни и спортски објекти
- Патни железнички мостови

- Рударски машини
- Резервоари и силоси
- Металуршка опрема;
- Металуршки линии
- Рударски машини, транспортни системи и депонии
- Термоцентрали
- Котловски и филтерски постројки
- Процесна опрема во разни технолошки процеси
- Резервоари
- Силоси
- Цевоводи за разни намени.

3.2. Информација за значајни нови производи

Значајни нови производи на ФАКОМ АД - Скопје се типските производи: монтажно-демонтажни паркиралишта, типски хали за складишта и индустриски намени, пешачки надвозници.

3.3. Приказ на приходите од продажба за последните две години согласно ревидираните финансиски извештаи на ФАКОМ АД – Скопје изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2011 и 2012 година

Според Ревидираните финансиски извештаи на ФАКОМ АД – Скопје за 2011 и 2012 година, дадени во Прилог 2 и Прилог 3 на овој Проспект, приходите од продажба изнесуваат:

во илјади денари

Приходи од продажба	2012	2011
Приходи од продажба на домашен пазар	**525.709**	**711.527**
Приходи од продажба на странски пазар	**735.981**	**581.325**
Вкупно:	**1.261.690**	**1.292.852**

3.4. Краток приказ на степенот на зависност (доколку постои) од патенти, лиценци, индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки, доколку истите се од голема важност за работењето на издавачот

Друштвото во својата работа не е зависно и не користи патенти, лиценци, индустриски, комерцијални и финансиски договори или нови производни постапки.

3.5. Информации за политиката на развојот и истражувањето на нови производи и постапки, во изминатите три години, доколку се значителни

Во рамките на политиката на развојот и истражувањето на нови производи, во последните три години, ФАКОМ АД – Скопје:

- Ги имплементација на сите европски стандарди: DIN EN ISO 3834-2, EN 1090; ISO 9001 2008, Certificate EN ISO 14001 2004.
- Секој производ го одработува високо квалитетно, на одговорен начин и по разумна цена
- Промовира ефикасна и квалитетна работа по пристапни цени
- Перманентно ја зголемува лепезата на производи и услуги
- Станува се поприсутен на странските пазари
- Му дава поголема и поплемнита улога на челикот во секојдневниот живот
- Ја остваруваме лидерската улога во металопреработувачката индустрија за производство и монтажа на челични конструкции и индустриска опрема.

3.6. Информации за сите судски или арбитражни постапки, кои се во тек или ќе настанат и кои можат да имаат значително влијание на финансиската состојба на издавачот

Друштвото има судски спор со АДГ ПЕЛАГОНИЈА во износ од 2.075.745,65 УСД од 25.08.2010 година , каде се јавува како тужител и мал број на други судски постапки кои произлегуваат од редовното работење како тужител или тужена страна, за кои менаџментот смета дека не псотојат значајни идни обврски од овие спорови и истите не можат да имаат значително влијание на финансиската состојба на Друштвото.

3.7. Бројот на вработени и квалификационата структура во изминатите три години

Бројот на вработени и квалификационата структура во ФАКОМ АД - Скопје за 2010, 2011 и 2012 година се прикажани во табелата подолу:

	2012	2011	2010
Доктори на науки	**1**	**/**	**/**
Магистри на науки	**5**	**1**	**/**
Високо образование	**69**	**74**	**71**
Вишо образование	**38**	**37**	**38**
Средно образование	**544**	**581**	**575**
Нижо образование	**7**	**9**	**11**
Вкупно на 31 Декември	**664**	**702**	**695**

3.8. Опис и вредност на значителните инвестиции во основни средства и вложувања во хартии од вредност на други трговски друштва, за последните две години

во евра

2012	
Набавка на современа опрема за обработка на челик	207.593
Воведување на ЕРП софтвер	27.868
Машина за обработка ивици	21.777
Модернизација на постојна опрема	22.600
Санација на населба во РЕК Битола	36.260
Модернизација на управување со кран	19.509
Останата опрема (апарат за заварување, тирфори и сл.)	135.093
Вкупно	**470.700**

2011	
Набавка на ЦНЦ машина	420.000
Блањалица	140.000
Ласер мерни инструменти	130.000
Останата опрема	460.000
Вкупно	**1.150.000**

3.9. Место и позиција на издавачот во гранката (описно)

ФАКОМ АД - Скопје е компанија која ја зазема највисоката позиција во обработка и изведба на производи од челик, челични конструкции и опрема во земјата и странство. Нашите производи се произведени со највисоки стандарди и квалитет. Конкуретните цени прават да бидеме водечки во својата област, а поврзаноста со референтни европски компании прави да бидеме лидер во својата област и пошироко.

IV. Финансиски податоци

4.1. Информација за следните финансиски податоци за последните три години

Финансиски податоци од ревидираните финансиски извештаи на ФАКОМ АД – Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија

во илјади денари

	2012	2011	2010
Вкупни средства	967.356	965.289	1.043.447
Вкупни обврски	218.625	186.964	350.399
Вкупно капитал	748.731	778.325	693.048
Добивка/загуба пред оданочување	44.614	133.376	14.301
Нето добивка	44.450	132.486	13.625

во денари

	2012	2011	2010
Книговодствена вредност по акција	11.175,08	11.616,79	10.344,00
Просечна цена на крајот на годината	5.667,00	5.502,00	10.000,00
Нето добивка по акција	663,43	1.977,41	203,36
Коефициент цена/добивка	8,54	2,75	49,17
Коефициент цена/книговодствена вредност по акција	0,51	0,47	0,97
Исплатена дивиденда по акција	/*	1.104,78	703,00
Дивиденден принос	/	20,08%	7,03%

*не е одржано годишно Собрание на акционери за 2012 година

4.2. Податоци за трговските друштва во кои издавачот има мнозинско учество, а кои може да имаат влијание на проценката на имотот и обврските на издавачот, финансиската состојба или добивката и загубата

ФАКОМ АД - Скопје не поседува мнозинско учество во други друштва.

V. Податоци за акциите за кои се бара котација

5.1. Опис на родот на акциите за кои се поднесува барањето, бројот на акции и нивната номинална вредност

Барањето за котација се поднесува за 67.000 обични акции издадени од ФАКОМ АД – Скопје, со ISIN: MKFAKM 101015. Овие акции се со номинална вредност од 51,13 евра по акција или вкупна номинална вредност на сите издадени обични акции во износ од 3.425.710 евра.

ФАКОМ АД - Скопје	
Вид на акции	обични акции
Број на акции	67.000
Номинална вредност	51,13 ЕУР
Вкупна номинална вредност	3.425.710 ЕУР

5.2. Опис на правата кои им припаѓаат на акциите, а особено на: правото на глас, правото на учество во добивка, како и правата во случај на стечај односно ликвидација на издавачот

Обичните акции на ФАКОМ АД – Скопје на акционерите им даваат право на глас, право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата односно стечајната маса на друштвото, определени со Законот за трговските друштва и Статутот на ФАКОМ АД - Скопје.

5.3. Наведување на одредбите од Статутот на друштвото кои се однесуваат на: Собранието на акционери, соопштенија за акционерите, право на глас, дивиденда, ликвидација на друштвото, откуп на сопствени акции

Собрание на акционери на друштвото и право на глас

Собранието го сочинуваат акционерите, односно од нив овластени полномошници со полномошно заверено кај нотар.
Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на Собранието, освен ако со закон не е поинаку определено.
На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот му припаѓа право на учество во работата на собранието и право на глас, освен ако со закон не е поинаку определено.
Членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор учествуваат во работата на Собранието без право на глас освен ако не се акционери.

Надлежност на Собранието

Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со закон и со овој статут, а особено за:
измена на статутот;
одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;
избор и отповикување на членовите на Надзорниот одбор ;
зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;
издавање акции и други хартии од вредност;
назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи;
преобразба на друштвото во друга форма на друштво како и за статусните промени на друштвото и
престанување на друштвото.

Собранието избира претседавач со седницата на собранието, записничар и двајца акционери – заверувачи на записникот, освен ако записникот не го води нотар. Собранието избира и двајца бројачи на гласови кои ги пребројуваат гласовите при јавно гласање и ја спроведуваат целата постапка на тајно гласање.

Ако собранието одлучува за измена на податок што во согласност со закон се запишува во трговскиот регистар записникот го води нотар.

Годишно собрание

Годишното собрание го свикува Управниот одбор најдоцна 3 (три) месеци по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од

6 (шест) месеци од завршувањето на календарската година или 14 (четрнаесет) месеци од одржувањето на последното Годишно собрание.

На Годишното собрание :

1) се разгледуваат и се усвојуваат годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година;
2) се одлучува за употребата на чистата добивка или за покривање на загубата и
3) се одобрува работата на членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор.

Ако Управниот одбор не го свика годишното собрание навреме, Собранието без одлагање го свикува Надзорниот одбор.

Свикување на Собрание

Кога тоа го бара интересот на друштвото и на акционерите, во времето меѓу две годишни собранија, може да се свика собрание.

Управниот одбор, односно Надзорниот одбор може, со мнозинство гласови од своите членови, кога тоа е предвидено со закон, по своја иницијатива или по барање на акционер во постапка утврдена со закон, да донесе олука за свикување собрание.

Собранието се свикува со објавување јавен повик до акционерите.

Јавниот повик се објавува најмалку во еден дневен весник и на огласна табла во седиштето на друштвото.

Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик во дневен весник до денот на одржувањето на собранието не може да биде подолг од 50 дена ниту пократок од 21 ден до денот на одржувањето на собранието.

Материјалите мораат да бидат достапни до акционерите од денот на објавувањето на јавниот повик.

Собранието може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред.

Собранието може да расправа, без право на одлучување, и за прашања коишто не се уредно ставени на дневен ред.

Секој акционер има право во кое било време да поднесува иницијатива за вклучување точки во дневниот ред на собрание кое што ќе биде свикано.

Акционери кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат по писмен пат да бараат дополнување на дневниот ред со

вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на собрание кое што веќе е свикано.

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собрание коешто е свикано се испраќа до свикувачот на собранието, и тоа во рок од осум дена кога е објавен јавниот повик за учество на собранието

Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас.

Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието, освен ако со Закон или со овој Статут не е определено поголемо мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со кое што се донесуваат одлуките на Собранието.

Соопштенија за акционерите

Заради остварување на своите права определени со Закон и овој Статут секој акционер на друштвото и кога не учествува во управувањето, има право да биде лично информиран за работењето на друштвото и право на увид во книгите, актите и во другите документи на друштвото.

Секој акционер има право да бара копии од актите и документите што се предмет на разгледување на одлучување на Собранието. Управниот одбор е должен да им обезбеди копија и тоа без надомест. Во сите други случаи надоместокот не може да биде поголем од стварните трошоци.

Управниот одбор го определува начинот на објавувањето на податоците и извештаите за кои што со овој Статут е определена обврската за нивно објавување во дневен весник, интернет или на друг начин и ги утврдува податоците и извештаите кои се објавуваат, а за кои смета дека се значајни за акционерите и друштвото, освен ако со Закон поинаку не е определено.

Право на дивиденда

Акционерите, во согласност со законот имаат право на делот од годишната добивка на Акционерското друштво што Собранието ќе ја утврди за распределба.

Висината на дивидендата Собранието ја утврдува според остварените резултати.

Висината на дивидендата се утврдува годишно со годишната пресметка и ја утврдува Собранието.

Управниот одбор може во текот на деловната година да им исплати аванс на акционерите врз основа на веродостојна добивка според годишните сметки, под услови и на начин пропишан со Закон.

Акционерите можат да добијат дивиденда, односно аконтација врз дивидендата во пари или акции, или дел во пари, а дел во акции.

<u>Ликвидација на друштвото</u>

Акционерското друштво се основа со траење на неопределено време.

Акционерското друштво престанува кога ќе настапи било која од причините утврдени со Закон, како и кога Собранието ќе донесе одлука за престанок на Акционерското друштво.

Одлуката за престанок на Акционерското друштво Собранието ја донесува со 2/3 од гласовите од вкупниот број претставени гласови.

5.4. Статистички податоци за тргувањето со акциите на друштвото за период од три години

Со акциите на ФАКОМ АД – Скопје во последните три години (од 12.04.2010 година до 12.04.2013 година) на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје истргувани се вкупно 106 обични акции по просечна цена од 8314,19 денари по акција при што е остварен вкупен промет од 881.304 денари.

Графичкиот приказ на движењето на просечната цена и остварениот промет се дадени подолу:

VI. Податоци за органите на управување на издавачот

Податоци за членовите на Управниот Одбор (УО) на ФАКОМ АД = Скопје

Име и презиме	**Д-р Златко Симоновски**
Деловна адреса	ул.Булевар Александар Македонски бр. 18, 1000 Скопје
Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши таа функција	Претседател на УО и Генерален директор од 17.02.2010 година
Податок за основните активности кои членот на УО ги врши надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за издавачот)	Не се значајни
Податок за природата на било каква поврзаност на членот на УО со другите членови на органите на управување и надзор на издавачот	Не постои поврзаност
Имиња на друштва во кои УО членот е исто така член на одбор на директори/ управен одбор/ надзорен одбор или содружник/ акционер во последните пет години и податок дали членот на УО е се уште член или содружник/ акционер	Членот на УО не бил член на Одбор на директори/ Управен одбор/ Надзорен одбор или содружник/ акционер во последните пет години во други друштва
Податок дали членот на УО бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години	Не бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години

Податок дали на членот на УО му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)	Не му е е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години
Податок дали членот на УО има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачка структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	Не поседува акции во ФАКОМ АД
Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на УО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности	Нема потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на УО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности
Податок за постоењето на договор или соработка помеѓу членот на УО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на УО бил избран за член на УО кај издавачот	Нема договор или соработка помеѓу членот на УО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на УО бил избран за член на УО кај издавачот
Податоци за постоење на било какво ограничување на располагањето со акциите кои членот на УО ги поседува кај издавачот во определен временски период, за што членот на УО се согласил	Не поседува акции во ФАКОМ АД

Име и презиме	**Зоран Стојановски**
Деловна адреса	ул.Булевар Александар Македонски бр. 18, 1000 Скопје
Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши таа функција	Заменик Претседател на УО и Заменик генерален директор од 17.02.2010 година
Податок за основните активности кои членот на УО ги врши надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за издавачот)	Не се значајни
Податок за природата на било каква поврзаност на членот на УО со другите членови на органите на управување и надзор на издавачот	Не постои поврзаност
Имиња на друштва во кои УО членот е исто така член на одбор на директори/ управен одбор/ надзорен одбор или содружник/ акционер во последните пет години и податок дали членот на УО е се уште член или содружник/ акционер	Членот на УО не бил член на Одбор на директори/ Управен одбор/ Надзорен одбор или содружник/ акционер во последните пет години во други друштва
Податок дали членот на УО бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години	Не бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години

Податок дали на членот на УО му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)	Не му е е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години
Податок дали членот на УО има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачка структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	Не поседува акции во ФАКОМ АД
Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на УО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности	Нема потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на УО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности
Податок за постоењето на договор или соработка помеѓу членот на УО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на УО бил избран за член на УО кај издавачот	Нема договор или соработка помеѓу членот на УО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на УО бил избран за член на УО кај издавачот
Податоци за постоење на било какво ограничување на располагањето со акциите кои членот на УО ги поседува кај издавачот во определен временски период, за што членот на УО се согласил	Не поседува акции во ФАКОМ АД

Име и презиме	**Мартин Велковски**
Деловна адреса	ул.Булевар Александар Македонски бр. 18, 1000 Скопје
Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши таа функција	Член на УО од 17.02.2010 и директор на РЕ Инженеринг
Податок за основните активности кои членот на УО ги врши надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за издавачот)	Не се значајни
Податок за природата на било каква поврзаност на членот на УО со другите членови на органите на управување и надзор на издавачот	Не постои поврзаност
Имиња на друштва во кои УО членот е исто така член на одбор на директори/ управен одбор/ надзорен одбор или содружник/ акционер во последните пет години и податок дали членот на УО е се уште член или содружник/ акционер	Членот на УО не бил член на Одбор на директори/ Управен одбор/ Надзорен одбор или содружник/ акционер во последните пет години во други друштва
Податок дали членот на УО бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години	Не бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години

Податок дали на членот на УО му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)	Не му е е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години
Податок дали членот на УО има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачка структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	Не поседува акции во ФАКОМ АД
Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на УО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности	Нема потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на УО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности
Податок за постоењето на договор или соработка помеѓу членот на УО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на УО бил избран за член на УО кај издавачот	Нема договор или соработка помеѓу членот на УО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на УО бил избран за член на УО кај издавачот
Податоци за постоење на било какво ограничување на располагањето со акциите кои членот на УО ги поседува кај издавачот во определен временски период, за што членот на УО се согласил	Не поседува акции во ФАКОМ АД

Име и презиме	**Коста Антовски**
Деловна адреса	ул.Булевар Александар Македонски бр. 18, 1000 Скопје
Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши таа функција	Член на УО од 17.02.2010 година и директор на РЕ Производство
Податок за основните активности кои членот на УО ги врши надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за издавачот)	Не се значајни
Податок за природата на било каква поврзаност на членот на УО со другите членови на органите на управување и надзор на издавачот	Не постои поврзаност
Имиња на друштва во кои УО членот е исто така член на одбор на директори/ управен одбор/ надзорен одбор или содружник/ акционер во последните пет години и податок дали членот на УО е се уште член или содружник/ акционер	Членот на УО не бил член на Одбор на директори/ Управен одбор/ Надзорен одбор или содружник/ акционер во последните пет години во други друштва
Податок дали членот на УО бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години	Не бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години

Податок дали на членот на УО му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)	Не му е е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години
Податок дали членот на УО има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачка структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	Не поседува акции во ФАКОМ АД
Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на УО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности	Нема потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на УО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности
Податок за постоењето на договор или соработка помеѓу членот на УО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на УО бил избран за член на УО кај издавачот	Нема договор или соработка помеѓу членот на УО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на УО бил избран за член на УО кај издавачот
Податоци за постоење на било какво ограничување на располагањето со акциите кои членот на УО ги поседува кај издавачот во определен временски период, за што членот на УО се согласил	Не поседува акции во ФАКОМ АД

Име и презиме	**Гоце Димески**
Деловна адреса	ул.Булевар Александар Македонски бр. 18, 1000 Скопје
Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши таа функција	Член на УО од 17.02.2010 и директор на РЕ Монтажа
Податок за основните активности кои членот на УО ги врши надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за издавачот)	Не се значајни
Податок за природата на било каква поврзаност на членот на УО со другите членови на органите на управување и надзор на издавачот	Не постои поврзаност
Имиња на друштва во кои УО членот е исто така член на одбор на директори/ управен одбор/ надзорен одбор или содружник/ акционер во последните пет години и податок дали членот на УО е се уште член или содружник/ акционер	Членот на УО не бил член на Одбор на директори/ Управен одбор/ Надзорен одбор или содружник/ акционер во последните пет години во други друштва
Податок дали членот на УО бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години	Не бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години

Податок дали на членот на УО му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)	Не му е е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години
Податок дали членот на УО има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачка структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	Не поседува акции во ФАКОМ АД
Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на УО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности	Нема потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на УО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности
Податок за постоењето на договор или соработка помеѓу членот на УО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на УО бил избран за член на УО кај издавачот	Нема договор или соработка помеѓу членот на УО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на УО бил избран за член на УО кај издавачот
Податоци за постоење на било какво ограничување на располагањето со акциите кои членот на УО ги поседува кај издавачот во определен временски период, за што членот на УО се согласил	Не поседува акции во ФАКОМ АД

Податоци за членовите на Надзорниот Одбор (НО) на ФАКОМ АД - Скопје

Име и презиме	**Минчо Јорданов**
Деловна адреса	ул.Булевар Александар Македонски бр. 18, 1000 Скопје
Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши таа функција	Претседател на НО од 17.02.2010 година
Податок за основните активности кои членот на НО ги врши надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за издавачот)	Не се значајни
Податок за природата на било каква поврзаност на членот на НО со другите членови на органите на управување и надзор на издавачот	Татко на членот на Надзорен одбор на на ФАКОМ АД, Наташа Јорданова
Имиња на друштва во кои НО членот е исто така член на одбор на директори/ управен одбор/ надзорен одбор или содружник/ акционер во последните пет години и податок дали членот на НО е се уште член или содружник/ акционер	1.Претседател на Одбор на директори на: Макстил АД-Скопје и на Бетон АД-Скопје 2.Член на Надзорен одбор на: Винарија Стоби Дооел-Градско, Перминдекс Дооел-Градско

	3. Претседател на Надзорен одбор на Мандра Галичник Дооел-Галичник 4. Неизвршен член на Одбор на директори на ФК Металург АД-Скопје. 5. Акционер во РЖ Интертрансшпед АД-Скопје, 6. Основач на Репро Траст Дооел-Скопје Сеуште е член/акционер/содружник
Податок дали членот на НО бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години	Не бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години
Податок дали на членот на НО му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)	Не му е е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години
Податок дали членот на НО има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачка структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	Не поседува акции во ФАКОМ АД
Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на НО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности	Нема потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на НО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности
Податок за постоењето на договор или соработка помеѓу членот на НО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на НО бил избран за член на НО кај издавачот	Нема договор или соработка помеѓу членот на НО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на НО бил избран за член на НО кај издавачот
Податоци за постоење на било какво ограничување на располагањето со акциите кои членот на НО ги поседува кај издавачот во определен временски период, за што членот на НО се согласил	“Не поседува акции” или “не постои никакво ограничување”

Име и презиме	**Наташа Јорданова**
Деловна адреса	ул.Булевар Александар Македонски бр. 18, 1000 Скопје
Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши таа функција	Член на НО од 17.02.2010 година

Податок за основните активности кои членот на НО ги врши надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за издавачот)	Не се значајни
Податок за природата на било каква поврзаност на членот на НО со другите членови на органите на управување и надзор на издавачот	Ќерка на Претседателот на Надзорен одбор на ФАКОМ АД, Минчо Јорданов
Имиња на друштва во кои НО членот е исто така член на одбор на директори/ управен одбор/ надзорен одбор или содружник/ акционер во последните пет години и податок дали членот на НО е се уште член или содружник/ акционер	Содружник во ПЗУ РЕМЕДИКА-Скопје До денес.
Податок дали членот на НО бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години	Не бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години
Податок дали на членот на НО му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)	Не му е е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години
Податок дали членот на НО има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачка структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	Не поседува акции во ФАКОМ АД
Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на НО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности	Нема потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на НО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности
Податок за постоењето на договор или соработка помеѓу членот на НО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на НО бил избран за член на НО кај издавачот	Нема договор или соработка помеѓу членот на НО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на НО бил избран за член на НО кај издавачот
Податоци за постоење на било какво ограничување на располагањето со акциите кои членот на НО ги поседува кај издавачот во определен временски период, за што членот на НО се согласил	“Не поседува акции” или “не постои никакво ограничување”

Име и презиме	**Убавка Бојаџијевска**
Деловна адреса	ул.Булевар Александар Македонски бр. 18, 1000 Скопје
Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши таа функција	Член на НО од 17.02.2010 година
Податок за основните активности кои членот на НО ги врши надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за издавачот)	Не се значајни
Податок за природата на било каква поврзаност на членот на НО со другите членови на органите на управување и надзор на издавачот	Не постои поврзаност
Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство на членот на НО	Искуство како консултант за финансиско управување и планиарње
Имиња на друштва во кои НО членот е исто така член на одбор на директори/ управен одбор/ надзорен одбор или содружник/ акционер во последните пет години и податок дали членот на НО е се уште член или содружник/ акционер	Моментално е член на Одбор на директори на АД Вардар 03-Градско и АД Црвени Брегови -Неготино
Податок дали членот на НО бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години	Не бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години
Податок дали на членот на НО му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)	Не му е е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години
Податок дали членот на НО има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачка структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	Не поседува акции во ФАКОМ АД
Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на НО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности	Нема потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на НО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности
Податок за постоењето на договор или соработка помеѓу членот на НО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на НО бил избран за член на НО кај издавачот	Нема договор или соработка помеѓу членот на НО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на НО бил избран за член на НО кај издавачот

Податоци за постоење на било какво ограничување на располагањето со акциите кои членот на НО ги поседува кај издавачот во определен временски период, за што членот на НО се согласил	Не поседува акции во ФАКОМ АД

Име и презиме	**Мино Дамјановски**
Деловна адреса	ул.Булевар Александар Македонски бр. 18, 1000 Скопје
Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши таа функција	Член на НО од 17.02.2010 година
Податок за основните активности кои членот на НО ги врши надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за издавачот)	Не се значајни
Податок за природата на било каква поврзаност на членот на НО со другите членови на органите на управување и надзор на издавачот	Не постои поврзаност
Имиња на друштва во кои НО членот е исто така член на одбор на директори/ управен одбор/ надзорен одбор или содружник/ акционер во последните пет години и податок дали членот на НО е се уште член или содружник/ акционер	Неизвршен член на НО во следните друштва: МАКСТИЛ АД Скопје ДГ БЕТОН АД Скопје РЖ ИНСТИТУТ АД Скопје РЖ ИНТЕРТРАНШПЕТ АД Скопје
Податок дали членот на НО бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години	Не бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години
Податок дали на членот на НО му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)	Не му е е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години
Податок дали членот на НО има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачка структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	Не поседува акции во ФАКОМ АД
Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на НО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности	Нема потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на НО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности

Податок за постоењето на договор или соработка помеѓу членот на НО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на НО бил избран за член на НО кај издавачот	Нема договор или соработка помеѓу членот на НО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на НО бил избран за член на НО кај издавачот
Податоци за постоење на било какво ограничување на располагањето со акциите кои членот на НО ги поседува кај издавачот во определен временски период, за што членот на НО се согласил	Не поседува акции

Име и презиме	**Александар Николовски**
Деловна адреса	ул.Булевар Александар Македонски бр. 18, 1000 Скопје
Функција што ја врши кај издавачот и датум од кога ја врши таа функција	Независен член на НО од 17.02.2010 година
Податок за основните активности кои членот на НО ги врши надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за издавачот)	Не се значајни
Податок за природата на било каква поврзаност на членот на НО со другите членови на органите на управување и надзор на издавачот	Не постои поврзаност
Имиња на друштва во кои НО членот е исто така член на одбор на директори/ управен одбор/ надзорен одбор или содружник/ акционер во последните пет години и податок дали членот на НО е се уште член или содружник/ акционер	Независен член на НО е член и во ЕУРО Осигурување Скопје
Податок дали членот на НО бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години	Не бил член на одбор на директори/ управниот или надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка последниве пет години
Податок дали на членот на НО му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)	Не му е е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на издавачот во последните пет години
Податок дали членот на НО има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачка структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	Не поседува акции во ФАКОМ АД
Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на НО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности	Нема потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои членот на НО ги има кај издавачот и неговите приватни интереси или други одговорности

Податок за постоењето на договор или соработка помеѓу членот на НО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на НО бил избран за член на НО кај издавачот	Нема договор или соработка помеѓу членот на НО и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што членот на НО бил избран за член на НО кај издавачот
Податоци за постоење на било какво ограничување на располагањето со акциите кои членот на НО ги поседува кај издавачот во определен временски период, за што членот на НО се согласил	Не поседува акции во ФАКОМ АД

VII. Развојни перспективи

7.1. Информација за развојните перспективи во деловното работење, особено во производството, продажбата и трошоците за период од три години

- Подобрување во конкурентскаа предност
- Зголемување на производните капацитети преку инвестирање во современи технологии, зголемување на продуктивноста и прераспределба и преквалификација на режискиот кадар
- Воведување на интегриран информационен систем и софтверски пакети за планирање, следење и раководење со целокупниот работен процес од склучување на договори до испорака - монтажа на готов производ.
- Воведување на единствена софтверска платформа според BIM/FIM концептот (Building Information Modeling/Fabrication Information Modeling), интегриран со концептот за конструирање за најниска цена (Cost Effective Detailing)
- Целосна имплементација на модерната методологија за унапредување на производните процеси во сите фази на производство и монтажа и смалување на трошоците.
- Реализација на стратешкиот избор на нови и конкурентни производи и синергија на организационите и материјалните ресурси на ниво на работни единици и сектори и на корпоративно ниво.
- Инвестирање во создавање малда квалификувана работна сила со која ќе се овозможи безболно надминување на процесот на смената на генерациите и со чија помош ќе можеме да ги следиме современите технолошки достигнувања и имплементираме во нашиот систем
- Перманентно подобрување на стратегијата за оптимизација на трошоците и преземање на мерки за зголемување на ефикасноста
- Вложување на постојани напори за зголемување на продуктивноста

7.2. Основните претпоставки и проценка за движење на добивката во наредните три години

Општа цел е добивката во наредните три години да ја држиме на ниво со кое би ја одржале профитната маржа на ниво од околу 4%, реконструкција и оптимизација на трошоците и задржување на присуството на странски пазари на ниво поголемо од 55%.

VIII. Финансиски извештаи

Ревидираните финансиски извештаи за 2011 и 2012 година изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија, составени од: Ревизорски извештај, Извештај за финансиската состојба, Извештај за сеопфатната добивка, Извештај за паричните текови, Извештај за промените во главнината и Белешки кон финансиските извештаи се дадени во Прилог 2 и 3 на овој Проспект.

ФАКОМ АД – Скопје
Генерален директор
д-р Златко Симоновски

ФАКОМ АД - Скопје

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА

Скопје, април 2013

СОДРЖИНА Страна

Извештај на независниот ревизор **1-2**

Финансиски извештаи

Биланс на успех 3

Извештај за сеопфатна добивка 4

Извештај за финансиска состојба 5

Извештај за паричните текови 6

Извештај за промените во главнината 7

Белешки кон финансиските извештаи 8-35

Додатоци

Додаток 1- Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работење

Додаток 2- Годишна сметка

Додаток 3- Годишен Извештај за работење

MOORE STEPHENS
SKOPJE

М.Х.Јасмин 20, 1000 Скопје
Република Македонија

Тел: +389 (2)32 14 706
Факс: +389 (2)32 14 707

www.moorestepehens.mk
www.moorestephens.com

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
ДО
АКЦИОНЕРИТЕ НА
ФАКОМ АД - Скопје

Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ФАКОМ АД – Скопје (Друштвото), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2012 година, како и Билансот на успех, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи

Менаџментот на Друштвото е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжение)
ДО
АКЦИОНЕРИТЕ НА
ФАКОМ АД - Скопје

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според нашето мислење, финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ФАКОМ АД – Скопје заклучно со 31 декември 2012 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија.

Извештај за други правни и регулативни барања

Менаџментот на Друштвото е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2012 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на ФАКОМ АД – Скопје за годината која завршува на 31 декември 2012 година.

Скопје, 9 април 2013 година

Овластен ревизор

Гоце Христов

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје

Управител и Овластен ревизор

Антонио Велјанов

ФАКОМ АД - Скопје
БИЛАНС НА УСПЕХ за годината која завршува на 31 декември

	Белешка	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Приходи од продажба	8	1,261,690	1,292,852
Останати оперативни приходи	9	36,147	31,303
Употребени суровини и материјали	10	(748,330)	(658,259)
Трошоци за вработени	11	(342,590)	(346,484)
Амортизација	18 и 19	(48,996)	(49,104)
Останати оперативни расходи	12	(120,567)	(141,879)
ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)		**37,354**	**128,429**
Приходи од финансирање	13	10,120	12,579
Расходи од финансирање	14	(2,860)	(7,632)
ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ		**44,614**	**133,376**
Данок на добивка	15	(164)	(890)
НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА)		**44,450**	**132,486**
Основна заработувачка по акција (Во МКД)	17	**663**	**1,977**

Управниот Одбор на ФАКОМ АД - Скопје ги одобрил овие финансиски извештаи за објавување и му ги предложил на Собранието на акционери заради нивно усвојување.

Генерален Директор
Д-р Златко Симоновски

	Белешка	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Нето добивка за периодот		**44,450**	**132,486**
Останата сеопфатна добивка:			
Усогласување на вложувања расположливи за продажба до нивна објективна вредност	20	(49)	(125)
Вкупно останата сеопфатна добивка		**(49)**	**(125)**
ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ		**44,401**	**132,361**

	Белешка	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Недвижности, постројки и опрема	18	364,117	387,105
Нематеријални средства	19	7,393	6,915
Вложувања расположливи за продажба	20	492	541
Вкупно нетековни средства		**372,002**	**394,561**
Тековни средства			
Залихи	21	107,160	111,358
Побарувања од купувачи	22	361,632	325,144
Побарувања за дадени аванси	23	4,528	10,931
Дадени заеми	24	37,381	11,059
Останати краткорочни средства и АВР	25	7,680	269
Парични средства	26	76,972	111,967
Вкупно тековни средства		**595,353**	**570,728**
ВКУПНО СРЕДСТВА		**967,355**	**965,289**
ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ			
Главнина			
Акционерски капитал	27	207,703	207,703
Резерви		42,000	42,000
Објективна вредност и останати резерви	27	(26,591)	(26,542)
Акумулирана добивка (загуба)		525,618	555,162
Вкупно главнина		**748,730**	**778,323**
Нетековни обврски			
Долгорочни кредити		-	-
Вкупно нетековни обврски		**-**	**-**
Тековни обврски			
Обврски спрема добавувачи	28	133,614	98,423
Обврски за примени аванси	29	22,569	53,862
Останати краткорочни обврски и ПВР	30	62,442	34,681
Вкупно тековни обврски		**218,625**	**186,966**
Вкупно обврски		**218,625**	**186,966**
ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ		**967,355**	**965,289**

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Парични текови од оперативни активности		
ДОБИВКА (ЗАГУБА) ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ	**44,614**	**133,376**
Усогласување за:		
Амортизација на нематеријални средства	1,777	1,204
Амортизација на недвижности, постројки и опрема	47,219	47,900
Расходи за камати	7	10
Приходи од вишок на основни средства по попис	-	(644)
Отпис на побарувања	27	4,799
Добивки од продажби на основни средства	-	(1,104)
Неотпишана вредност на отуѓени и расходувани постојани средства	135	7
Добивка (загуба) пред промени во обртни средства	**93,779**	**185,548**
Побарувања од продажба	(36,515)	43,676
Побарувања за дадени аванси	6,403	(7,931)
Останати тековни средства и АВР	(6,724)	7,576
Залихи	4,198	44,395
Обврски од добавувачи	35,523	(101,691)
Обврски за примени аванси	(31,293)	(70,387)
Останати тековни обврски и ПВР	12,186	8,665
Нето пари употребени во работењето	**77,557**	**109,851**
Платена камата	(7)	(10)
Платен данок од добивка	(774)	(200)
Нето парични текови од оперативни активности	**76,776**	**109,641**
Парични текови од инвестициони активности		
Наплатени (дадени) заеми, нето	(26,322)	(815)
Приливи од продажби на основни средства	-	1,104
Набавки на нематеријални средства	(2,255)	(5,309)
Набавки на недвижности, постројки и опрема	(24,698)	(56,024)
Нето парични текови од инвестиционо работење	**(53,275)**	**(61,044)**
Парични текови од финансиски активности		
Исплатени бруто дивиденди	(58,496)	(47,006)
Нето парични текови од финансиско работење	**(58,496)**	**(47,006)**
Нето зголемување (намалување) на парични средства	**(34,995)**	**1,591**
Парични средства на почетокот на годината	**111,967**	**110,376**
Парични средства на крајот од годината	**76,972**	**111,967**

	Акционерски капитал	Резерви	Објективна вредност и останати резерви	Акумулирана добивка (загуба)	Вкупно главнина
Во (000) МКД					
Состојба на 1 јануари 2011	**207,703**	**42,000**	**(26,417)**	**469,761**	**693,047**
Сеопфатна добивка					
Добивка (загуба) за финансиската година	-	-	-	132,486	**132,486**
Усогласување на вложувања расположливи за продажба до нивна објективна вредност	-	-	(125)	-	**(125)**
Вкупна сеопфатна добивка	**-**	**-**	**(125)**	**132,486**	**132,361**
Трансакции со сопствениците					
Распределба за резерви	-	-	-	-	**-**
Распределба за дивиденди (бруто)	-	-	-	(47,085)	**(47,085)**
Состојба на 31 декември 2011	**207,703**	**42,000**	**(26,542)**	**555,162**	**778,323**
Сеопфатна добивка					
Добивка (загуба) за финансиската година	-	-	-	44,450	**44,450**
Усогласување на вложувања расположливи за продажба до нивна објективна вредност	-	-	(49)	-	**(49)**
Вкупна сеопфатна добивка	-	-	**(49)**	**44,450**	**44,401**
Трансакции со сопствениците					
Распределба за дивиденди (бруто)	-	-	-	(73,994)	**(73,994)**
Состојба на 31 декември 2012	**207,703**	**42,000**	**(26,591)**	**525,618**	**748,730**

1. Основни податоци и дејност

Акционерското друштво за проектирање, производство и монтажа на челични конструкции и опрема ФАКОМ АД - Скопје (во понатамошниот текст Друштвото) е регистрирано согласно Законот за трговски друштва.

Седиштето на Друшвото е во Скопје на ул. Булевар Александар Македонски бр.18, Гази Баба Скопје.

Основна дејност на Друштвото е производство на метални конструкции и делови на конструкции. Работата на Друштвото е организирана преку следните организациони делови:

- РЕ Производство;
- РЕ Монтажа;
- РЕ Инжињеринг;
- РЕ Логистика и
- Кабинет на директорот

Вкупниот број на вработени во Друштвото со 31 декември 2012 година изнесува 628 вработени (2011: 702 вработени).

Структурата на бројот на вработените на Друштвото, според организациони единици е како што следува:

Отсек / сектор	2012	2011
РЕ Производство	316	333
РЕ Монтажа	215	256
РЕ Инжињеринг	47	53
Генерален директор и логистика	50	60
ВКУПНО:	**628**	**702**

2. Основа за составување на финансиски извештаи

2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Финансиските извештаи, дадени на страниците од 3 заклучно со страница 35, се составени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Македонија во Правилникот за сметководство (Сл.Весник 159/2009) и применливи од 1 јануари 2010 година.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 декември 2012 и 2011 година. Тековните и споредбените податоци во финансиските извештаи се дадени во илјади денари (000 МКД). Онаму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршената презентација во тековната година.

2. Основа за составување на финансиски извештаи(Продолжение)

2.2. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност, освен за недвижностите, постројките и опремата (НПО) и нивната амортизација, кај кои се вршени корекции во минатите години врз основа на принципот на реваloризација со примена на унифицирани коефициенти на пораст на цените на производителите на индустриски производи, кои ги објавува Државниот завод за статистика на Република Македонија (Белешка 3.12) и за вложувањата расположливи за продажба кои се признаени според нивната објективна (пазарна) вредност (Белешка 3.20).

2.3. Користење на проценки и расудувања

При подготвувањето на овие финансиски извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Одредени ставки во финансиските извештаи кои неможат прецизно да се измерат се проценуваат. Процесот на проценување вклучува расудувања засновани на последните расположливи информации.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на средствата, објективната вредност на побарувањата односно нивната ненаплатливост, застареноста на залихите, објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба и сл.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во врска со околностите на коишто била засновата проценката или како резултат на нови информации, поголемо искуство или последователни случувања.

Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената и или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

2.4. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики и проценки користени при составувањето на овие финансиски извеШтаи се дадени подолу. Сметководствените политики се користат конзистентно во текот на разгледуваниот период.

3.1. Приходи од продажба

Продажба на производи и стоки

Приходите од продажба на производи и стоки се мерат по објективната вредност на примените средства или побарувања, намален за враќање на стоките, трговските попусти и количинските рабати. Приходот се признава во билансот на успех кога на купувачот му се пренесени значајните ризици и користи од сопственоста на стоките, друштвото не задржува вистинска контрола врз продадените стоки, приходите може веродостојно да се измерат, кога веројатно е дека економските користи ќе дојдат како прилив на друштвото, трошоците во врска со трансакцијата може веродостојно да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

Обезбедување на услуги

Приходите од извршени услуги се признаваат во билансот на успех според степенот на завршеност на услугите на датумот на билансот на состојба и кога приходот може веродостојно да се измери, кога е веројатно е дека друштвото ќе има прилив на економски користи, трошоците за трансакцијата и за довршување на трансакцијата може да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

3.2. Приходи од финансирање

Приходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како приходи во годината на која се однесуваат, независно дали се наплатени. Тие се состојат од приходи од камати и курсни разлики.

Дивидендите се признаваат како приходи кога ќе се утврди правото за примање на истата. Каматите се признаваат на пресметковна основа за периодот за кои се однесуваат.

3.3. Расходи од финансирање

Расходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени. Тие се состојат од расходи од камати, провизии и курсни разлики. Каматите се признаваат како расходи согласно на временскиот период за кои се однесуваат.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.4. Курсни разлики

Деловните промени во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на деловната промена. Сите монетарни средства и обврски искажани во странска валута се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на билансот на состојбата.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странска валута во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат. Важечките средни курсеви на странските валути на 31 декември 2012 и 2011, се следните:

	2012	2011
1 ЕУР =	61.5000 МКД	61.5050 МКД
1 ЦХФ =	50.9106 МКД	50.5964 МКД
1 УСД =	46.6510 МКД	47.5346 МКД

3.5. Данок од добивка (тековен и одложен)

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот од добивка се признава во билансот на успех на Друштвото.

Тековниот данок од добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Македонија. Согласно измените на даночните прописи, тековниот данок од добивка се пресметува на основа која претставува одредени трошоци кои не се признаваат за цели на оданочување (непризнаени трошоци), помалку искажани приходи со поврзани лица и во случај кога се врши распределба на добивката за дивиденди на физички лица и нерезиденти. Данокот од добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на билансот на состојба по стапка од 10% (2011: 10%).

Одложениот данок од добивка се пресметува со примена на методата на обврски за сите времени разлики кои се јавуваат на датумот на билансот на состојба како разлики помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност, за целите на финансиско известување. Одложените даночни средства и обврски се мерат според важечкте законски даночните стапки кои биле на сила и имаат правно дејстово на датумот на билансот на состојба.

Пресметката на ефективната даночна стапка е дадена во Белешката 15.

3.6. Заработувачка по акција

Друштвото ја прикажува основната и разводнетата заработувачка по акција од обичните акции. Пресметката на основната заработувачка по акција е направена со поделба на нето добивката за годината која им припаѓа на имателите на обични акции со пондерираниот просечен број на обични акции во текот на годината.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.7. Парични средства

Паричните средства се водат во билансот на состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, паричните средства се состојат од готовина во благајни, парични средства на денарски и девизни сметки во банки, и денарски депозити по видување или орочени до 3 месеци.

3.8. Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи ги опфаќаат сите побарувања од продажба на учиноци, евидентирани по фактурна вредност, намалени за исправката на вредност за сомнителни и спорни побарувања.

Со товарење на расходите се формираа исправка на вредноста за сите побарувања за кои се смета дека се ненаплатливи на датумот на билансот на состојба. Индикатори за ненаплатливоста на побарувањата се следните: доцнење при исплата на побарувањата, инсолвентност на купувачите, можност за ликвидација или стечај на купувачите и друго. Сомнителните побарувања целосно се отпишуваат кога истите ќе се идентификуваат за такви.

3.9. Залихи

Залихите се искажуваат според пониската од набавната вредност и нето реализационата вредност. Набавната вредност ги вклучува сите трошоци за доведување на залихите во нивна сегашна состојба. Нето реализационата вредност е проценета пазарна вредност намалена за сите продажни, транспортни и дистибуциони трошоци потребни за нивна продажба.

3.10. Вложувања расположливи за продажба

Вложувањата расположиви за продажба се оние кои се чуваат неограничен период, но може да бидат продадени во секој момент и се класифицираат како нетековни средства.

Почетно, вложувањата се искажани по набавна вредност, односно според износот на парични средства и еквиваленти на парични средства платени за нивна набавка.

Последователно, вложувањата расположливи за продажба се мерат според објективната вредност определена според последната понудена пазарна цена на истите на датумот на билансот на состојба за оние за кои има активен пазар, додека за оние вложувања за кои не постои активен пазар се мерат според нивната набавна вредност намалена за евентуално нивно оштетување (стечај или ликвидација).

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба се признаваат непосредно во главнината, се додека вложувањето не се продаде, наплати или на друг начин отуѓи или додека не се утврди дека е оштетено, кога кумулативната добивка, односно загуба, која била претходно признаена во главнината, ќе се вклучи во нето добивката или загубата за периодот.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.11. Недвижности, постројки и опрема (НПО)

(1) Општа објава

Почетно, НПО се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Последователно, Друштвото вршело законска ревалоризација на НПО на крајот од годината со примена на официјално објавените коефициенти за ревалоризација од страна на Државниот Завод за Статистика кои одговораат на општиот индекс на пораст на цени, врз нивната набавна вредност и акумулирана амортизација. Ваква ревалоризација повеќе не се пресметува и евидентира. Ефект од спроведената ревалоризација е ревалоризациона резерва во рамките на вкупниот капитал, која до 2001 година се распоредуваше сразмерно на акционерската главница, законските резерви и нераспоредената добивка, а од 2002 година повеќе не се распоредува и се евидентира и искажува издвоено во билансот на состојба.

Согласно параграф 44(б) од објавениот МСС 8 Нето добивка или загуба за периодот, основни грешки и промени во сметководствените политики (Сл. Весник на РМ бр.94/2004) ревалоризираните вредности на НПО во поранешните години се третираат како извршена ревалоризација во согласност со МСС 16, а не како промена во сметководствената политика.

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или корисниот век на употреба на НПО, се додаваат на набавната вредност на тие средства.

Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на НПО се книжи како капитална добивка или загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

(2) Амортизација

Амортизацијата на НПО претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба на средството. НПО се амортизираат поединечно, се до нивниот целосен отпис. Земјиштето и инвестициите во тек не се амортизираат.

Употребените годишни стапки на амортизација односно предвидените корисни векови на употреба на НПО за 2012 година во однос на 2011 година се следните:

	2012	**2011**	**2012**	**2011**
Недвижности	2.5-5 %	2.5-5 %	20-40 години	20-40 години
Постројки и опрема	10-25 %	10-25 %	4-10 години	4-10 години
Возила	10-25 %	10-25 %	4-10 години	4-10 години
Компјутерска опрема	25 %	25 %	4 години	4 години
Канцелариски мебел	20 %	20 %	5 години	5 години

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.12. Нематеријални средства

Едно средство се признава за нематеријално кога е сигурно дека субјектот го поседува истото, може да го идентификува и кое нема физичка содржина.

Почетното мерење на едно нематеријално средство е според набавната вредност што ја сочинуваат трошоците за негово стекнување, а тоа се износот на исплатени парични средства или еквиваленти на парични средства во моментот на негово стекнување. Последователно, нематеријалните средства се признаваат по нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација.

Амортизацијата не нематеријалните средства претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба средството. Стапката на амортизација во 2012 година изнесува 20% годишно (2011: 20%).

3.13. Оштетување на средствата

Средствата кои имаат неограничен век на користење и не се амортизираат се предмет на годишна анализа за можноста за нивно оштетување. Средствата кои се амортизираат се предмет на анализа за можноста за нивно оштетување секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сегашна сметководствена вредност е повисока од нивната надоместувачка вредност што покажува дека истите се оштетени. Загубата поради оштетување се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност. Надоместувачка вредност претставува повисоката вредност од нето продажната вредност на средството намалена за трошоците за продажба и употребната вредност на средството.

3.14. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачи се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

Обврските спрема добавувачи се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно порамнување, со товарење на останатите приходи.

3.15. Обврски по кредити

Обврските по кредити се состојат од обврски по краткорочни и долгорочни кредити и се искажуваат според нивната номинална вредност. Износите на договорената камата се искажуваат во корист на останатите обврски, а на товар на расходите од финансирање. Обврските по кредитите од странство се искажуваат според курсот на Денарот на денот на билансот на состојба, а курсните разлики се евидентираат во рамките на приходи, односно расходи од финансирање.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.16. Капитал

(1) Основна главнина

Основната главнина се признава во висина на номиналната вредност на издадените и уплатени акции.

(2) Законски резерви

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби и со распоред на реваloризационите резерви, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Друштвото е должно да издвои од добивката за тековната година минимум 15% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 20% од основната главнина на Друштвото. Доколку износот на оваа резерва не надминува 20% од вредноста на основната главнина, истата може да биде употребена само за покривање на загуби. Доколку резервата надмине 20% од акционерскиот капитал на Друштвото, може да биде употребена за исплата на дивиденди со претходна одлука на Собранието на акционери.

Согласно измените на законската регулатива, почнувајќи од 01.01.2013 година, Друштвото ќе биде должно да издвојува минимум 5% од добивката за тековната година за законски резерви, се додека резервите не достигнат 1/10 од основната главнина на Друштвото. Останатите законски одредби остануваат исти.

(3) Ревалоризациона резерва

Ревалоризационата резерва се формира врз основа на извршената годишна ревалоризација согласно изнесеното во точка 3.11. на овие белешки. Во согласност со законските прописи, салдото на ревалоризационата резерва по годишната пресметка се евидентира во рамките на капиталот. Оваа резерва не е предмет на распределба.

3.17. Наеми

Наемите со кои се пренесуваат на Друштвото сите ризици и користи кои произлегуваат од сопственоста на изнајменото средство се признаваат како финансиски наеми, при што средството се евидентира според неговата објективна вредност или доколку е таа пониска, сегашната вредност на минималните плаќања за наемот.

Наемите каде што значаен дел од ризиците и користите кои произлегуваат од сопственоста се задржани од наемодавателот, се класифицираат како оперативни наеми. Плаќањата за наем при оперативен наем се искажуваат во билансот на успех на рамномерна основа за времетраењето на наемот во евиденцијата на наемателите. Наемодавателите ги презентираат средствата кои се предмет на оперативен наем во билансот на состојба како средства за издавање или вложувања во недвижности.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.18. Користи на вработените

Користи на вработените се сите форми на надоместок кој го дава Друштвото во размена за извршената услуга од страна на вработените.

(1) Краткорочни користи за вработените

Краткорочни користи за вработените се користи кои доспеваат за плаќање во рамките на дванаесет месеци по крајот на периодот во кој вработените ја извршиле услугата. Тука спаѓаат платите и придонесите за социјално осигурување, краткорочно платени отсуства, учества во добивките и други немонетарни користи. Сите краткорочни користи за вработените се признаваат како расход и обврска во висина на недисконтираниот износ на користите.

(2) Користи по престанок на вработувањето

Друштвото врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во Националните фондови. Друштвото нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Друштвото е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на два месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање.

3.19. Резервации

Резервации (резерви за обврски) се признаваат кога Друштвото има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан, кога е веројатно дека ќе настанат идни одливи на средства по тој основ и кога е можно да се процени износот на обврската. Кога се очекува надоместување на дел од ваква обврска во иднина, пример преку договори за осигурување, надоместувањето се признава како посебно средство но само кога е извесно дека ќе биде примено истото. Расходот за било која резервација се признава во билансот на успех намалено за износот на надоместувањето. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен, резервациите се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

3.20. Неизвесности

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни обврски не се признаваат во финансиките извештаи, туку само се обелоденуваат.

Неизвесни средства се можни средства кои произлегуваат од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото.

4. Финансиски ризици и управување со истите

Друштвото влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните:

4.1. Пазарен ризик

Ризик од промени на курсевите

Друштвото влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик. Според ова, Друштвото е изложено на можните флуктуации на странските валути, чиј ефект е даден во табелата подолу.

Ризик од промени на цените

Друштвото е изложено на ризик од промени на цените на вложувањата расположливи за продажба и истиот е надвор од контрола на Друштвото. Изложеноста на Друштвото на ваков вид на ризик е даден преку износите на овие вложувања во белешката 20.

4.2. Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик со оглед дека купувачи се поголем број на друштва во земјата и странство. Друштвото нема изградено посебна политика со цел да се управува или да се намали кредитниот ризик.

4.3. Каматен ризик

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има депонирани средства во банки договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека Друштвото нема користено вакви кредити и позајмици ниту има депонирани средства во банки, може да се каже дека не постои изложеност спрема ваков вид на ризик.

4.4. Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски и Друштвото нема вакви проблеми во своето работење.

4. Финансиски ризици и управување со истите (Продолжение)

4.5. Даночен ризик

Согласно законските прописи во РМ, финансиските извештаи и сметководствените евиденции на Друштвото подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесувањето на даночните извештаи за годината. Заклучно со датумот на Извештајот на ревизорите, не е извршена контрола на данокот од добивка за 2012 година, како и на данокот на додадена вредност, персонален данок на доход и придонеси на лични примања. Според ова, дополнителни даноци во случај на идна контрола од страна на даночните власти во овој момент не може да се определат со разумна сигурност.

5. Утврдување на објективна вредност

Друштвото располага со финансиски средства и обврски кои ги вклучуваат побарувањата од купувачи, вложувањата расположливи за продажба, обврските кон добавувачи и обврските по кредити, како и нефинансиски средства за кои голем број на сметководствени политики и обелоденувања бараат утврдување на нивната објективна вредност.

Објективната вредност на финансиските средства и обврски е приближна на нивната сметководствена вредност со оглед на фактот дека истите имаат релативно кратка доспеаност во рок од максимум до една година од датумот на билансот на состојба, со исклучок на вложувањата расположливи за продажба кои имаат карактер на долгорочни средства и за кои објективната вредност е утврдена врз основа на последната пазарна цена на истите на датумот на билансот на состојба.

6. Финансиски инструменти

6.1. Ризик на финансирање

Друштвото не врши финансирање на своето работење по пат на користење на краткорочни и долгорочни кредити, па затоа и не постои изложеност на ризик од финансирање.

6.2. Ризик од девизни валути

Друштвото влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути.

Состојбата со девизните износи на средствата и обврските деноминирани до денари на 31 декември 2012 и 2011 година по валути е следната:

	Средства		**Обврски**	
	2012	**2011**	**2012**	**2011**
ЕУР	184,243	75,741	24,456	20,217
УСД	453	45,215	19,836	23,489
Други	-	621	-	-
	184,696	**121,577**	**44,292**	**43,706**

6. Финансиски инструменти (Продолжение)

6.2. Ризик од девизни валути (Продолжение)

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување за 10% на македонскиот денар во однос на странските валути. Анализата е направена на девизните салда на средствата и обврските на датумот на билансот на состојба. Позитивните износи се зголемувања на добивката, а негативните се намалувања на добивката за соодветниот период.

	Зголемувања за 10%		Намалувања за 10%	
	2012	**2011**	**2012**	**2011**
ЕУР	15,959	5,553	(15,958)	(5,553)
УСД	(1,938)	2,173	1,938	(2,173)
Други	-	62	-	(62)
Нето Ефект	**14,020**	**7,788**	**(14,020)**	**(7,788)**

6.3. Ризик од промени на каматите

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки.

Друштвото нема значајни средства или обврски кои носат камата, па затоа и непостои изложеност на ризик од промени на каматите. Приходите и расходите на Друштвото се во добар степен независни од промените на каматните стапки.

6.4. Ризик од ликвидност

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друшвото со состојба на 31 декември 2012 година според нивната доспеаност:

	До 1 месец	**1 - 3 мес.**	**3-12 мес.**	**Над 12 мес.**	**Вкупно**
Парични средства	76,972	-	-	-	**76,972**
Купувачи	311,562	39,932	10,138		**361,632**
Останати побарув.	6,946	734	-	-	**7,680**
Дадени позајм.	-	-	37,381	-	**37,381**
Вложувања	-	-	492	-	**492**
	395,480	**40,666**	**37,873**		**484,157**
Добавувачи	109,743	23,871	-	-	**133,614**
Кредити	-	-	-	-	**-**
Останати обврски	47,488	9,995	4,959	-	**62,442**
	157,231	**33,866**	**4,959**	**-**	**196,056**

6. Финансиски инструменти (Продолжение)

6.4. Ризик од ликвидност(Продолжение)

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друштвото со состојба на 31 декември 2011 година според нивната доспеаност:

	До 1 месец	1 - 3 мес.	3-12 мес.	Над 12 мес.	Вкупно
Парични средства	111,967	-	-	-	**111,967**
Купувачи	292,949	32,195	-	-	**325,144**
Останати побарув.	222	47	-	-	**269**
Дадени позајм.	-	-	11,059	-	**11,059**
Вложувања	-	-	541	-	**541**
	405,138	**32,242**	**11,600**	**-**	**448,980**
Добавувачи	98,423	-	-	-	**98,423**
Кредити	-	-	-	-	**0**
Останати обврски	34,681	-	-	-	**34,681**
	133,104	**-**	**-**	**-**	**133,104**

6.5. Кредитен ризик

Кредитниот ризик се јавува во случај кога купувачите на Друштвото нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Побарувањата од купувачи се состојат од поголем број на поединечни салда. Овие побарувања не се обезбедени со било какво обезбедување во форма на меници, гаранции или друг вид на колатерал, со исклучок на примените аванси од купувачите.

Старосната структура на побарувањата од купувачи на 31 декември 2012 е како што следува:

	Во (000) МКД		
	Бруто износ	**Исправка на вредноста**	**Нето износ**
Нефактурирани побарувања	26,411	-	26,411
Недоспеани побарувања	86,808	-	86,808
Доспеани (неоштетени) побарувања			
- до 1 година	221,733	-	221,734
- над 1 година	26,680	-	26,680
	361,632	**-**	**361,632**

Побарувањата постари од една година во износ од 26,411 илјади МКД се однесуваат на побарувања од домашни фирми за кои се преземаат мерки за нивна наплата по пат на опомени и поднесување на судски тужби. Менаџментот на Друштвото смета дека истите ќе бидат целосно наплатени.

7. Известување по сегменти

7.1. Деловни сегменти

Друштвото во текот на своето работење е организирано во следните деловни сегменти:

- Производи - производство и продажба на челични конструкции,
- Услуги - услуги за монтажа и друго,
- Стоки и материјали - продажба на отпадни материјали и
- Останато - кирии и сл.

Резултатите по сегменти за годината која што завршува на 31 декември 2012 година како и останатите сегменти информации се следните:

	Производи	**Услуги**	**Стоки и материј**	**Останато**	**Вкупно**
Приходи од продажба	941,559	320,131	30,454	764	**1,292,908**
Останати приходи	3,590	1,220	116	3	**4,929**
Вкупно приходи	945,149	321,351	30,570	767	**1,297,837**
Оперативна добивка/резултат на сегментот	**27,203**	**9,249**	**880**	**22**	**37,354**
Приходи од финансирање					**10,120**
Расходи од финансирање					**(2,860)**
Бруто добивка					**44,614**
Данок од добивка					**(164)**
Нето добивка					**44,450**
Други информации					
Вкупни средства по сегменти	704,475	239,522	22,786	572	**967,355**
Вкупни обврски по сегменти	159,213	54,133	5,150	129	**218,625**
Амортизација	35,681	12,132	1,154	29	**48,996**
Инвестиции во основни средства	21,271	7,232	688	17	**29,208**

7. Известување по сегменти (Продолжение)

7.1. Деловни сегменти (Продолжение)

Резултатите по сегменти за годината која што завршува на 31.Декември 2011 година како и останатите сегменти информации се следните:

	Производи	Услуги	Стоки и материј	Останато	Вкупно
Приходи од продажба	881,886	410,966	27,157	705	**1,320,714**
Останати приходи	2,298	1,071	71	2	**3,441**
Вкупно приходи	884,184	412,037	27,228	707	**1,324,155**
Оперативна добивка/резултат на сегментот	**85,756**	**39,963**	**2,641**	**69**	**128,429**
Приходи од финансирање					**12,579**
Расходи од финансирање					**(7,632)**
Бруто добивка					**133,376**
Данок од добивка					**(890)**
Нето добивка					**132,486**
Други информации					
Вкупни средства по сегменти	644,557	300,369	19,849	515	**965,289**
Вкупни обврски по сегменти	124,844	58,178	3,844	100	**186,966**
Амортизација	32,788	15,280	1,010	26	**49,104**
Инвестиции во основни средства	40,954	19,085	1,261	33	**61,333**

7. Известување по сегменти (Продолжение)

7.2. Географски сегменти

Република Македонија е матична земја за Друштвото, при што истото остварува дел од своите активности (продажби) и на надворешните пазари, и тоа како што следува:

Продажби во:	**2012**	**2011**
Република Македонија	561,856	742,830
Југоисточна Европа	71,424	435,368
Западна Европа	664,557	145,957
Вкупно	**1,297,837**	**1,324,155**

Прикажувањето на продажбите е според потеклото на купувачите.

Вкупни средства во:	**2012**	**2011**
Република Македонија	847,409	919,592
Југоисточна Европа	21,511	16,892
Западна Европа	98,435	28,805
Вкупно	**967,355**	**965,289**

Вкупни инвестиции во:	**2012**	**2011**
Република Македонија	29,208	61,333
Југоисточна Европа	-	-
Западна Европа	-	-
Вкупно	**29,208**	**61,333**

Информации за главни купувачи (над 10% од вкупен приход):

Купувач	**% на учество во приходи**	**Износ на приходи**
Финцантиери	27.1%	351,818
Дуферко	21.6%	280,003
Макстил АД	10.5%	135,911

8. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Приходи од продажба на домашен пазар	525,709	711,527
Приходи од продажба на странски пазар	735,981	581,325
Вкупно приходи од продажба	**1,261,690**	**1,292,852**

9. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Приходи од продажба на отпадоци	30,454	27,157
Приходи од наемнина	764	705
Приходи по основ на надомест на штети	1,788	782
Приходи од вишоци на средства	-	644
Приходи од продажба на основни средства	-	1,104
Останато	3,141	911
Вкупно останати оперативни приходи	**36,147**	**31,303**

10. УПОТРЕБЕНИ СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Потрошени суровини и материјали	669,629	592,351
Енергија	56,378	46,419
Потрошени резервни делови	18,071	15,202
Потрошен ситен инвентар	4,252	4,287
Вкупно трошоци за суровини и материјали	**748,330**	**658,259**

11. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Бруто плати на вработени	322,236	332,642
Трошоци за службени патувања	1,671	1,572
Трошоци за теренски додаток	8,164	7,618
Трошоци за технолошки вишок	3,974	3,023
Останати надоместоци на вработените	6,545	1,629
Вкупно трошоци за вработени	**342,590**	**346,484**

12. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Надворешни услуги за изработка на производи	1,319	9,888
Услуги од кооперанти	20,685	53,896
Транспортни услуги	27,886	28,257
Тековно одржување	5,766	4,247
Трошоци за осигурување на имот	4,047	3,858
Надомест за банкарски услуги	3,918	3,112
Реклама и пропаганда	4,615	1,908
Спонзорства	305	2,602
ПТТ Услуги	2,438	2,201
Трошоци за комунални и останати услуги	7,848	4,907
Посредничка провизија	9,976	1,433
Дополнително утврдени расходи	643	1,930
Расходи од вонсудска спогодба (белешка 30)	13,150	-
Отпис на краткорочни побарувања	27	4,799
Останато	17,944	18,841
Вкупно останати оперативни расходи	**120,567**	**141,879**

13. ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Камати од купувачи и позајмици	768	1,319
Позитивни курсни разлики	9,311	11,219
Приходи од дивиденди	41	41
Вкупно приходи од финансирање	**10,120**	**12,579**

14. РАСХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Камати	7	10
Курсни разлики	2,847	7,584
Останати	6	38
Вкупно расходи од финансирање	**2,860**	**7,632**

15. ДАНОК ОД ДОБИВКА

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Непризнаени расходи		
Трошоци за членови на УО	82	229
Репрезентација и пропаганда	974	1,081
Спонзорства и донации	305	2,602
Отпис на ненаплатени побарувања	27	4,799
Парични казни	6	55
Стипендии	247	132
Даночна основа	**1,641**	**8,898**
Данок од добивка	**164**	**890**
Други ослободувања	-	-
Добивка пред оданочување	**44,614**	**133,376**
Ефективна даночна стапка	**0.37%**	**0.67%**

Тековниот данок од добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Македонија. Согласно измените на даночните прописи, тековниот данок од добивка се пресметува на основа која претставува одредени трошоци кои не се признаваат за цели на оданочување (непризнаени трошоци), помалку искажани приходи со поврзани лица и во случај кога се врши распределба на добивката за дивиденди на физички лица и нерезиденти. Данокот од добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на билансот на состојба по стапка од 10% (2011: 10%).

16. ДИВИДЕНДА ПО АКЦИЈА

На годишното собрание на Факом АД Скопје за 2012 година, кое ќе се одржи во 2013 година, ќе се врши распределба на остварената добивка за 2012 година. Овие финансиски извештаи не ја содржат оваа распределба, со оглед дека истата ќе биде искажана во Извештајот за промените во главнината за 2013 година. Објавените бруто дивиденди за обични акции за 2012 година се во износ од 73,994 илјади МКД (2011: 47,085 илјади МКД), или 1,105 МКД за 1 акција (2011: 703 МКД за 1 акција).

17. ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА

а) основна заработувачка по акција	**2012 (000) МКД**	**2011 (000) МКД**
Нето добивка која им припага на имателите на обични акции		
Нето добивка за годината	44,450	132,486
Дивиденда на приоритетни акции	-	-
Нето добивка која им припаѓа на имателите на обични акции	**44,450**	**132,486**

	број на акции	
	2012	**2011**
Пондериран просечен број на обичните акции		
Издадени обични акции на 1 јануари	**67,000**	**67,000**
Ефекти од промени на бројот на обични акции:	-	-
Пондериран просечен број на обичните акции на 31 декември	**67,000**	**67,000**
Основна заработувачка по акција (во МКД)	**663**	**1,977**

18. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

Промени во текот на 2012 година:

	Земјиште и градежни објекти (000) МКД	Постројки и опрема (000) МКД	Транспортни средства и алат (000) МКД	Инвестиции во тек (000) МКД	Вкупно (000) МКД
Набавна вредност					
Состојба на 1 јануари	**199,022**	**649,320**	**412,165**	**42,992**	**1,303,499**
Директни зголемувања	-	-	-	26,953	26,953
Пренос од инвестиции во тек	10,107	46,157	2,067	(58,331)	-
Пренос во нематеријални	-	-	-	(2,255)	(2,255)
Пренос на трошоци	-	-	-	(332)	(332)
Расходи/продажби	(59)	(1,721)	(3,233)	-	(5,013)
Состојба на 31 декември	**209,070**	**693,756**	**410,999**	**9,027**	**1,322,852**
Акумулирана амортизација					
Состојба на 1 јануари	**119,072**	**452,088**	**345,234**	**-**	**916,394**
Амортизација	4,700	28,226	14,293	-	47,219
Расходи/продажби	(45)	(1,609)	(3,224)	-	(4,878)
Состојба на 31 декември	**123,727**	**478,705**	**356,303**	**-**	**958,735**
Сегашна вредност на:					
31.12.2012 година	**85,343**	**215,051**	**54,696**	**9,027**	**364,117**
31.12.2011 година	**79,950**	**197,232**	**66,931**	**42,992**	**387,105**

Со состојба на 31 декември 2012 година, дел од градежните објекти и опремата на Друштвото со сегашна вредност од 61,209 илјади МКД се ставени под хипотека како обезбедување за искористените банкарски гаранции (Белешка 32).

19. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Промени во текот на 2012 година:

	Софтвер (000) МКД	Лиценци (000) МКД	Останати (000) МКД	Вкупно (000) МКД
Набавна вредност				
Состојба на 1 јануари	**3,727**	**4,838**	**-**	**8,565**
Набавки	109	2,146	-	**2,255**
Пренос од инвестиции	-	-	-	**-**
Продажби	-	-	-	**-**
Состојба на 31 декември	**3,836**	**6,984**	**-**	**10,820**
Акумулирана амортизација				
Состојба на 1 јануари	**410**	**1,240**	**-**	**1,650**
Амортизација за тековна година	760	1,017	-	1,777
Продажби	-	-	-	-
Состојба на 31 декември	**1,170**	**2,257**	**-**	**3,427**
Сегашна вредност на:				
31.12.2012 година	**2,666**	**4,727**	**-**	**7,393**
31.12.2011 година	**3,317**	**3,598**	**-**	**6,915**

20. ВЛОЖУВАЊА РАСПОЛОЖЛИВИ ЗА ПРОДАЖБА

	% на сопственост	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Комерцијална Банка АД Скопје	0.01%	492	541
Вкупно вложувања		**492**	**541**

Друштвото располага со вложување во 205 обични акции (2012: 205 акции) издадени од Комерцијална банка АД Скопје. Вложувањето е усогласено со последната пазарна цена на акциите на Македонската Берза на датумот на билансот на состојба. Разликата од усогласувањето е прикажана во рамките на главнината на Друштвото и останатата сеопфатна добивка.

21. ЗАЛИХИ

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Залиха на поцинкуван лим	1,341	362
Залиха на лимови, носачи и винкли	62,957	67,697
Залиха на резервни делови и помошни материјали	42,854	43,291
Останати залихи	8	8
Вкупно залихи	**107,160**	**111,358**

22. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Купувачи на производи и услуги во земјата	213,870	211,506
Купувачи - Подружници на странски фирми	14,513	45,451
Побарување на купувачи по основ на камати	336	390
Побарувања од купувачи во странство	104,840	35,602
Нефактурирани приходи по договори во земјата	14,874	32,195
Нефактурирани приходи по договори во странство	11,537	-
Сомнителни и спорни побарувања	1,662	-
	361,632	**325,144**
Минус: Исправка на вредноста на сомнителни побарувања од купувачи	-	-
Вкупно нето побарувања од продажба	**361,632**	**325,144**

23. ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Дадени аванси на добавувачи во земјата	959	836
Дадени аванси на добавувачи во странство	3,569	10,095
	4,528	**10,931**
Минус: Исправка на вредноста на сомнителни побарувања за дадени аванси	-	-
Вкупно побарувања за дадени аванси	**4,528**	**10,931**

24. ДАДЕНИ ЗАЕМИ

		2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Даден заем на:			
Когел Север ДОО Скопје	(а)	4,651	5,000
НИК Нова Принт ДООЕЛ Скопје	(б)	4,930	5,059
РК Металург-машки клуб	(в)	26,000	1,000
РК Металург- женски клуб	(г)	1,800	-
		-	
Вкупно краткорочни дадени заеми		**37,381**	**11,059**

(а) Салдото потекнува од склучен договор за краткорочен заем на износ од 10,000 илјади МКД, и Анекс бр.3 од 28.12.2012 година, со каматна стапка од 7% годишно и рок на враќање до 30.06.2013 година, Обезбедување се примени меници.

(б) Салдото потекнува од склучени договори за безкаматен краткорочен заем и анекси со рок на враќање до 30.06.2013 година. Обезбедување се примени меници.

(в) Салдото потекнува од четири склучени договори за краткорочни заеми на износ од 20,000 илјади МКД, со рок на враќање до 30.06.2013 година и два склучени краткорочни заеми во износ од 6,000 МКД со рок на враќање до 09.02.2013 година и 09.03.2013 година и каматна стапка од 7% годишно.

(г) Салдото потекнува од склучен договор за краткорочен заем на износ од 1,800 илјади МКД, со каматна стапка од 7% годишно и рок на враќање до 30.06.2013 година. Обезбедување се примени меници.

25. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ СРЕДСТВА И АВР

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Побарувања за ДДВ	6,757	-
Побарување за повеќе платен данок на добивка	734	47
Побарувања од вработените	189	222
Вкупно	**7,680**	**269**

26. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Денарски сметки кај домашни банки	634	36,052
Девизни сметки кај домашни банки	76,243	75,848
Денарски благајни	51	35
Девизни благајни	44	32
Вкупно парични средства	**76,972**	**111,967**

27. АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ

	2012 Бр. на акции	2011 Бр. на акции	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Обични акции	67,000	67,000	207,703	207,703
Вкупно	**67,000**	**67,000**	**207,703**	**207,703**

Акционерскиот капитал на Друштвото претставува номиниран капитал кој се формира со издавање на хартии од вредност (акции) на акционерите. Друштвото има издадено обични акции. Обичните акции носат право на учество во распределбата на остварената добивка (дивиденда) и право на управување со Друштвото (право на глас).

Номиналната вредност на една акција изнесува 51.13 ЕУР.

Проценетата вредност на капиталот утврдена при првата емисија на акции од страна на Друштвото е прикажана во сметководствената евиденција и е извршена усогласеност помеѓу вкупната номинална вредност на акционерскиот капитал регистриран во трговскиот регистар и Централниот депозитар за хартии од вредност (ЦДХВ) и неговиот сметководствен износ.

Разликата која постоела помеѓу проценетата вредност на капиталот утврдена при првата емисија на акции од страна на Друштвото и вкупната номинална вредност на акционерскиот капитал регистриран во трговскиот регистар и Централниот депозитар за хартии од вредност (ЦДХВ) е прикажана како објективна вредност и останати резерви во износ од 26,878 илјади МКД.

Следните акционери имаат сопственост над 5% од акциите кои носат право на глас со состојба на 31 декември 2012 и 2011 година:

	2012 %	2011 %
Акционер:		
Репро Оне лимитед	97.23%	97.23%

28. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Обврски спрема добавувачи во земјата	129,065	92,572
Обврски спрема добавувачи во странство	4,416	5,718
Обврски кон добавувачи за задржни депозити	133	133
Останато	-	-
Вкупно обврски спрема добавувачи	**133,614**	**98,423**

29. ОБВРСКИ ЗА ПРИМЕНИ АВАНСИ

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Примени аванси во денари	2,329	15,874
Примени аванси во странска валута	20,240	37,988
Вкупно обврски за примени аванси	**22,569**	**53,862**

30. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПВР

	2012 (000) МКД	2011 (000) МКД
Обврски за нето плати спрема вработени	12,736	15,176
Обврски за персонален данок од плати	1,162	1,433
Обврски за придонеси од плати	6,095	7,038
Обврски за ДДВ	-	5,918
Обврски за дивиденди	16,891	1,393
Обврски за данок од добивка	77	-
Обврски по вонсудска спогодба	19,836	-
Останати обврски	5,645	3,723
Вкупно останати краткорочни обврски и ПВР	**62,442**	**34,681**

Обврксите во износ од 19,836 илјади МКД проилзегуваат склучена спогодба со ГД Гранит АД Скопје по основ на регулирање на обврски на Друштвото за исплата на главен долг и камата по судски спор. ЗаклУчно со 31 декември 2012 година, Друштвото има остаток за исплата од 425,201 УСД или 19,836 илјади МКД кои треба да се платат на 4 еднакви месечни рати по 106,300 УСД почнувајќи од 19.01.2013 година. По основ на оваа спогодба Друштвото извршило евидентирање на дополнителни расходи во износ од 13,150 илјади МКД.

31. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

а) Земени банкарски гаранции

Друштвото има склучено договори за земени банкарски гаранции од Комерцијална банка АД Скопје со следните износи и рокови на доспевање.

Корисник на гаранцијата	(000) МКД	УСД	ЕУР	Рок на доспевање
Енерго Систем	8,044	-	-	31/12/2012
Енерго Систем	3,305	-	-	30/03/2013
Енерго Систем	1,883	-	-	30/04/2013
Макпетрол	1,800	-	-	31/01/2013
РЕК Битола	750	-	-	15/02/2013
ЈСП Скопје	2,700	-	-	15/04/2013
Векома	-	-	288,832.00	25/06/2013
Такраф-Германија	-	-	33,750.00	30/07/2013
Гама-Анкара	-	-	46,496.07	30/09/2013
Монтмонтажа	-	-	757,225.29	09/04/2013
Тисен Груп	-	-	177,581.37	30/06/2013
Вкупно	**18,482**	**-**	**1,303,885**	
Вкупно во (000) МКД	**18,482**	**-**	**80,189**	
Вкупно во (000) МКД	**98,671**			

Гаранциите издадени од страна на Комерцијална банка АД Скопје во корист на Друштвото се одобрени врз основа на склучен договор за рамковен лимит на вкупен износ од 7,000,000 ЕУР. Издадените гаранции се обезебеди со дадени хипотеки и залози на имотот на Друштвото.

б) Дадени хипотеки и залози на својот имот

Друштвото има дадено хипотеки и залози на својот имот како обезбедување на искористените банкарски гаранции на следниот имот:

а) Производна хала со површина од 24,337 м2-ИЛ 4559;
б) Кранови, трафостаници и гасна комора по проценка;

Вкупната вредност на проценетиот имот изнесува 7,182,700 ЕУР или 441,772 илјади МКД.

32. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ (Продолжение)

в) Судски спорови

Друштвото е тужена странка во неколку судски постапки кои произлегуваат од редовното работење на Друштвото. Вкупниот износ на тужби против Друштвото на 31 декември 2012 година изнесува 100 илјади МКД и претставуваат тужби по основ на поништување на одлуки за отказ. Менаџментот на Друштвото смета дека не постојат значајни идни обврски кои би произлегле од овие судски спорови.

Од друга страна, Друштвото се јавува како тужител во неколку судски постапки кои произлегуваат од редовното работење на Друштвото. Вкупниот износ на тужби во корист на Друштвото на 31 декември 2012 година изнесува 97,578 илјади МКД кои воглавно претставуваат тужби за неисполнување на договори, ненаплатени побарувања за извршени работи и друго. Потенцијални средства не се признаваат во финансиските извештаи.

33. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

По датумот на известување не се случиле настани кои имаат материјално значење на деловните активности на Друштвото.

Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работењето согласно одредбите на ЗТД

Согласно член 476, став 4 од Законот за трговски друштва Годишната сметка која ја изготвуваат трговските друштва вклучува биланс на состојба и биланс на успех и објаснувачки белешки.

Согласно член 476, став 6 од Законот за трговски друштва Годишната сметка и финансискиот извештај кои се однесуваат за иста деловна година и кои се подготвени согласно одредбите на Законот и со прописите за сметководство треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварената добивка односно загуба на друштвото за деловната година.

Согласно член 477, став 6 од Законот за трговски друштва, Органот на управување на Друштвото, покрај годишната сметка, односно финансиските извештаи, е должен, по завршување на секоја деловна година да изготви и извештај за работата на друштвото во претходната година со содржина определена во член 384 став 7 од ЗТД.

Годишната сметка на Друштвото и Годишниот извештај за работење се дадени во Додатоците 2 и 3.

Органот на Управување на Друштвото го разгледал и одобрил Годишниот извештај за работење.

ФАКОМ АД Скопје
Директор

Годишна сметка за 2012 година
- Биланс на состојба
- Биланс на успех
- Извештај за сеопфатна добивка

Годишен извештај за 2012 година

ФАКОМ АД - Скопје

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31. ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА

Скопје, Април 2012

СОДРЖИНА Страна

Извештај на независниот ревизор **1-2**

Финансиски извештаи

Биланс на успех 3

Извештај за сеопфатна добивка 4

Извештај за финансиска состојба 5

Извештај за паричните текови 6

Извештај за промените во главнината 7

Белешки кон финансиските извештаи 8-35

Додатоци

Додаток 1- Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работење

Додаток 2- Годишна сметка

Додаток 3- Годишен Извештај за работење

MOORE STEPHENS
SKOPJE

М.Х.Јасмин 20, 1000 Скопје
Република Македонија

Тел: +389 (2)32 14 706
Факс: +389 (2)32 14 707

www.moorestepehens.mk
www.moorestephens.com

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
ДО
АКЦИОНЕРИТЕ НА
ФАКОМ АД - Скопје

Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ФАКОМ АД – Скопје (Друштвото), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31.Декември 2011 година, како и Билансот на успех, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи

Менаџментот на Друштвото е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжение)
ДО
АКЦИОНЕРИТЕ НА
ФАКОМ АД - Скопје

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според нашето мислење, финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ФАКОМ АД – Скопје заклучно со 31.Декември 2011 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија.

Извештај за други правни и регулативни барања

Менаџментот на Друштвото е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31.Декември 2011 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на ФАКОМ АД – Скопје за годината која завршува на 31.Декември 2011 година.

Скопје, 11.Април 2012 година

Овластен ревизор

Гоце Христов

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

Управител и Овластен ревизор

Антонио Велјанов

	Белешка	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Приходи од продажба	8	1,292,852	864,796
Останати оперативни приходи	9	31,303	32,512
Употребени суровини и материјали	10	(658,259)	(436,001)
Трошоци за вработени	11	(346,484)	(321,222)
Амортизација	18 и 19	(49,104)	(47,957)
Останати оперативни расходи	12	(141,879)	(86,817)
ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)		**128,429**	**5,311**
Приходи од финансирање	13	12,579	19,900
Расходи од финансирање	14	(7,632)	(10,910)
ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ		**133,376**	**14,301**
Данок на добивка	15	(890)	(676)
НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА)		**132,486**	**13,625**
Основна заработувачка по акција (Во МКД)	17	**1,977**	**203**

Управниот Одбор на ФАКОМ АД - Скопје ги одобрил овие финансиски извештаи за објавување и му ги предложил на Собранието на акционери заради нивно усвојување.

Генерален Директор
М-р Златко Симоновски

	Белешка	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Нето добивка за периодот		**132,486**	**13,625**
Останата сеопфатна добивка:			
Усогласување на вложувања расположливи за продажба до нивна објективна вредност	20	(125)	92
Вкупно останата сеопфатна добивка		**(125)**	**92**
ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ		**132,361**	**13,717**

	Белешка	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Недвижности, постројки и опрема	18	387,105	378,344
Нематеријални средства	19	6,915	2,810
Вложувања расположливи за продажба	20	541	666
Вкупно нетековни средства		**394,561**	**381,820**
Тековни средства			
Залихи	21	111,358	155,753
Побарувања од продажба	22	325,144	373,619
Побарувања за дадени аванси	23	10,931	3,000
Дадени заеми	24	11,059	10,244
Останати краткорочни средства и АВР	25	269	8,635
Парични средства	26	111,967	110,376
Вкупно тековни средства		**570,728**	**661,627**
ВКУПНО СРЕДСТВА		**965,289**	**1,043,447**
ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ			
Главнина			
Акционерски капитал	27	207,703	207,703
Резерви		42,000	42,000
Објективна вредност и останати резерви	27	(26,542)	(26,417)
Акумулирана добивка (загуба)		555,162	469,761
Вкупно главнина		**778,323**	**693,047**
Нетековни обврски			
Долгорочни кредити		-	-
Вкупно нетековни обврски		**-**	**-**
Тековни обврски			
Обврски спрема добавувачи	28	98,423	200,114
Обврски за примени аванси	29	53,862	124,249
Останати краткорочни обврски и ПВР	30	34,681	26,037
Вкупно тековни обврски		**186,966**	**350,400**
Вкупно обврски		**186,966**	**350,400**
ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ		**965,289**	**1,043,447**

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Парични текови од оперативни активности		
ДОБИВКА (ЗАГУБА) ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ	**133,376**	**14,301**
Усогласување за:		
Амортизација на нематеријални средства	1,204	377
Амортизација на недвижности, постројки и опрема	47,900	47,580
Расходи за камати	10	3,516
Приходи од вишок на основни средства по попис	(644)	(1,017)
Приход од отпис на обврски по кредити	-	(9,186)
Отпис на побарувања	4,799	-
Добивки од продажби на основни средства	(1,104)	(2,220)
Неотпишана вредност на отуѓени и расходувани постојани средства	7	403
Добивка (загуба) пред промени во обртни средства	**185,548**	**53,754**
Побарувања од продажба	43,676	(114,848)
Побарувања за дадени аванси	(7,931)	11,782
Останати тековни средства и АВР	7,576	(5,486)
Залихи	44,395	(84,229)
Обврски од добавувачи	(101,691)	161,091
Обврски за примени аванси	(70,387)	63,199
Останати тековни обврски и ПВР	8,665	(16,160)
Нето пари употребени во работењето	**109,851**	**69,103**
Платена камата	(10)	(3,516)
Платен данок од добивка	(200)	(1,818)
Нето парични текови од оперативни активности	**109,641**	**63,769**
Парични текови од инвестициони активности		
Наплатени (дадени) заеми, нето	(815)	3,756
Приливи од продажби на основни средства	1,104	2,220
Набавки на нематеријални средства	(5,309)	-
Набавки на недвижности, постројки и опрема	(56,024)	(76,504)
Нето парични текови од инвестиционо работење	**(61,044)**	**(70,528)**
Парични текови од финансиски активности		
Исплата на награди	-	(3,236)
Исплатени дивиденди (бруто)	(47,006)	(40,841)
Нето парични текови од финансиско работење	**(47,006)**	**(44,077)**
Нето зголемување (намалување) на парични средства	**1,591**	**(50,836)**
Парични средства на почетокот на годината	**110,376**	**161,212**
Парични средства на крајот од годината	**111,967**	**110,376**

Во (000) МКД	Акционерски капитал	Резерви	Објективна вредност и останати резерви	Акумулирана добивка (загуба)	Вкупно главнина
Состојба на 01 Јануари 2010	**207,703**	**42,000**	**(26,509)**	**500,161**	**723,355**
Сеопфатна добивка					
Добивка (загуба) за финансиската година	-	-	-	13,625	**13,625**
Усогласување на вложувања расположливи за продажба до нивна објективна вредност	-	-	92	-	**92**
Вкупна сеопфатна добивка	**-**	**-**	**92**	**13,625**	**13,717**
Трансакции со сопствениците					
Распределба за резерви	-	-	-	-	**-**
Распределба за дивиденди	-	-	-	(40,789)	**(40,789)**
Распределба на добивката за награди на вработени и менаџмент	-	-	-	(3,236)	**(3,236)**
Состојба на 31 Декември 2010	**207,703**	**42,000**	**(26,417)**	**469,761**	**693,047**
Сеопфатна добивка					
Добивка (загуба) за финансиската година	-	-	-	132,486	**132,486**
Усогласување на вложувања расположливи за продажба до нивна објективна вредност	-	-	(125)	-	**(125)**
Вкупна сеопфатна добивка	-	-	**(125)**	**132,486**	**132,361**
Трансакции со сопствениците					
Распределба за дивиденди	-	-	-	(47,085)	**(47,085)**
Состојба на 31 Декември 2011	**207,703**	**42,000**	**(26,542)**	**555,162**	**778,323**

1. Основни податоци и дејност

Акционерското друШтво за проектирање, производство и монтажа на челични конструкции и опрема ФАКОМ АД - Скопје (во понатамошниот текст Друштвото) е е регистрирано согласно Законот за трговски друштва.

Седиштето на Друшвото е во Скопје на ул. Булевар Александар Македонски бб - Гази Баба.

Основна дејност на Друштвото е производство на метални конструкции и делови на конструкции. Работата на Друштвото е организирана преку следните организациони делови:

- РЕ Производство;
- РЕ Монтажа;
- РЕ Инжињеринг;
- РЕ Логистика и
- Кабинет на директорот

Вкупниот број на вработени во Друштвото со 31.Декември 2011 година изнесува 702 вработени (2010: 695 вработени).

Структурата на бројот на вработените на Друштвото, според организациони единици е како што следува:

Отсек / сектор	2011	2010
РЕ Производство	333	319
РЕ Монтажа	256	264
РЕ Инжињеринг	53	53
Генерален директор и логистика	60	59
ВКУПНО:	**702**	**695**

2. Основа за составување на финансиски извештаи

2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Финансиските извештаи, дадени на страниците од 3 заклучно со страница 35, се составени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Македонија во Правилникот за сметководство (Сл.Весник 159/2009) и применливи од 1 Јануари 2010 година.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31.Декември 2011 и 2010 година. Тековните и споредбените податоци во финансиските извештаи се дадени во илјади денари (000 МКД). Онаму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршената презентација во тековната година.

2. Основа за составување на финансиски извештаи(Продолжение)

2.2. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност, освен за недвижностите, постројките и опремата (НПО) и нивната амортизација, кај кои се вршени корекции во минатите години врз основа на принципот на реваловризација со примена на унифицирани коефициенти на пораст на цените на производителите на индустриски производи, кои ги објавува Државниот завод за статистика на Република Македонија (Белешка 3.12) и за вложувањата расположливи за продажба кои се признаени според нивната објективна (пазарна) вредност (Белешка 3.20).

2.3. Користење на проценки и расудувања

При подготвувањето на овие финансиски извештаи Друштвото применува одредени сметководствени проценки. Одредени ставки во финансиските извештаи кои неможат прецизно да се измерат се проценуваат. Процесот на проценување вклучува расудувања засновани на последните расположливи информации.

Проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на средствата, објективната вредност на побарувањата односно нивната ненаплатливост, застареноста на залихите, објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба и сл.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во врска со околностите на коишто била засновата проценката или како резултат на нови информации, поголемо искуство или последователни случувања.

Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на нето добивката или загубата во периодот на промената и или во идните периоди доколку промената влијае и на двете.

2.4. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето односно дека друштвото ќе продолжи да работи во догледна иднина. Друштвото нема намера, ниту потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

3. Основни сметководствени политики

Основните сметководствени политики и проценки користени при составувањето на овие финансиски извеШтаи се дадени подолу. Сметководствените политики се користат конзистентно во текот на разгледуваниот период.

3.1. Приходи од продажба

Продажба на производи и стоки

Приходите од продажба на производи и стоки се мерат по објективната вредност на примените средства или побарувања, намален за враќање на стоките, трговските попусти и количинските рабати. Приходот се признава во билансот на успех кога на купувачот му се пренесени значајните ризици и користи од сопственоста на стоките, друштвото не задржува вистинска контрола врз продадените стоки, приходите може веродостојно да се измерат, кога веројатно е дека економските користи ќе дојдат како прилив на друштвото, трошоците во врска со трансакцијата може веродостојно да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

Обезбедување на услуги

Приходите од извршени услуги се признаваат во билансот на успех според степенот на завршеност на услугите на датумот на билансот на состојба и кога приходот може веродостојно да се измери, кога е веројатно е дека друштвото ќе има прилив на економски користи, трошоците за трансакцијата и за довршување на трансакцијата може да се измерат и соодветен доказ за трансакцијата постои.

3.2. Приходи од финансирање

Приходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како приходи во годината на која се однесуваат, независно дали се наплатени. Тие се состојат од приходи од камати и курсни разлики.

Дивидендите се признаваат како приходи кога ќе се утврди правото за примање на истата. Каматите се признаваат на пресметковна основа за периодот за кои се однесуваат.

3.3. Расходи од финансирање

Расходите од финансирање кои се пресметани до датата на билансот на состојба, се искажуваат како расходи во годината на која се однесуваат, независно дали се платени. Тие се состојат од расходи од камати, провизии и курсни разлики. Каматите се признаваат како расходи согласно на временскиот период за кои се однесуваат.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.4. Курсни разлики

Деловните промени во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на деловната промена. Сите монетарни средства и обврски искажани во странска валута се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на билансот на состојбата.

Позитивните и негативните курсни разлики што настанале со пресметка на побарувањата и обврските во странска валута во нивната денарска противвредност се искажани во билансот на успех како приходи, односно расходи од финансирање во годината на која се однесуваат. Важечките средни курсеви на странските валути на 31.Декември 2011 и 2010, се следните:

	2010	2009
1 ЕУР =	61.5050 МКД	61.5050 МКД
1 ЦХФ =	50.5964 МКД	49,3026 МКД
1 УСД =	47.5346 МКД	46.3140 МКД

3.5. Данок од добивка (тековен и одложен)

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот од добивка се признава во билансот на успех на Друштвото.

Тековниот данок од добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Македонија. Согласно измените на даночните прописи, тековниот данок од добивка се пресметува на основа која претставува одредени трошоци кои не се признаваат за цели на оданочување (непризнаени трошоци), помалку искажани приходи со поврзани лица и во случај кога се врши распределба на добивката за дивиденди на физички лица и нерезиденти. Данокот од добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на билансот на состојба по стапка од 10% (2010: 10%).

Одложениот данок од добивка се пресметува со примена на методата на обврски за сите времени разлики кои се јавуваат на датумот на билансот на состојба како разлики помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност, за целите на финансиско известување. Одложените даночни средства и обврски се мерат според важечкте законски даночните стапки кои биле на сила и имаат правно дејстово на датумот на билансот на состојба.

Пресметката на ефективната даночна стапка е дадена во Белешката 15.

3.6. Заработувачка по акција

Друштвото ја прикажува основната и разводнетата заработувачка по акција од обичните акции. Пресметката на основната заработувачка по акција е направена со поделба на нето добивката за годината која им припаѓа на имателите на обични акции со пондерираниот просечен број на обични акции во текот на годината.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.7. Парични средства

Паричните средства се водат во билансот на состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извеШтаи, паричните средства се состојат од готовина во благајни, парични средства на денарски и девизни сметки во банки, и денарски депозити по видување или орочени до 3 месеци.

3.8. Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи ги опфаќаат сите побарувања од продажба на учиноци, евидентирани по фактурна вредност, намалени за исправката на вредност за сомнителни и спорни побарувања.

Со товарење на расходите се формираа исправка на вредноста за сите побарувања за кои се смета дека се ненаплатливи на датумот на билансот на состојба. Индикатори за ненаплатливоста на побарувањата се следните: доцнење при исплата на побарувањата, инсолвентност на купувачите, можност за ликвидација или стечај на купувачите и друго. Сомнителните побарувања целосно се отпишуваат кога истите ќе се идентификуваат за такви.

3.9. Залихи

Залихите се искажуваат според пониската од набавната вредност и нето реализационата вредност. Набавната вредност ги вклучува сите трошоци за доведување на залихите во нивна сегашна состојба. Нето реализационата вредност е проценета пазарна вредност намалена за сите продажни, транспортни и дистибуциони трошоци потребни за нивна продажба.

3.10. Вложувања расположливи за продажба

Вложувањата расположиви за продажба се оние кои се чуваат неограничен период, но може да бидат продадени во секој момент и се класифицираат како нетековни средства.

Почетно, вложувањата се искажани по набавна вредност, односно според износот на парични средства и еквиваленти на парични средства платени за нивна набавка.

Последователно, вложувањата расположливи за продажба се мерат според објективната вредност определена според последната понудена пазарна цена на истите на датумот на билансот на состојба за оние за кои има активен пазар, додека за оние вложувања за кои не постои активен пазар се мерат според нивната набавна вредност намалена за евентуално нивно оштетување (стечај или ликвидација).

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба се признаваат непосредно во главнината, се додека вложувањето не се продаде, наплати или на друг начин отуѓи или додека не се утврди дека е оштетено, кога кумулативната добивка, односно загуба, која била претходно признаена во главнината, ќе се вклучи во нето добивката или загубата за периодот.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.11. Недвижности, постројки и опрема (НПО)

(1) Општа објава

Почетно, НПО се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Последователно, Друштвото вршело законска ревалоризација на НПО на крајот од годината со примена на официјално објавените коефициенти за ревалоризација од страна на Државниот Завод за Статистика кои одговораат на општиот индекс на пораст на цени, врз нивната набавна вредност и акумулирана амортизација. Ваква ревалоризација повеќе не се пресметува и евидентира. Ефект од спроведената ревалоризација е ревалоризациона резерва во рамките на вкупниот капитал, која до 2001 година се распоредуваше сразмерно на акционерската главница, законските резерви и нераспоредената добивка, а од 2002 година повеќе не се распоредува и се евидентира и искажува издвоено во билансот на состојба.

Согласно параграф 44(б) од објавениот МСС 8 Нето добивка или загуба за периодот, основни грешки и промени во сметководствените политики (Сл. Весник на РМ бр.94/2004) ревалоризираните вредности на НПО во поранешните години се третираат како извршена ревалоризација во согласност со МСС 16, а не како промена во сметководствената политика.

Трошоците за тековно и инвестициono одржување се евидентираат на товар на расходите во моментот на нивното настанување. Издатоците кои се однесуваат на реконструкции и подобрувања, кои го менуваат капацитетот или корисниот век на употреба на НПО, се додаваат на набавната вредност на тие средства.

Позитивната, односно негативната разлика настаната при продажба на НПО се книжи како капитална добивка или загуба и се искажува во рамките на останатите приходи, односно расходи.

(2) Амортизација

Амортизацијата на НПО претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба на средството. НПО се амортизираат поединечно, се до нивниот целосен отпис. Земјиштето и инвестициите во тек не се амортизираат.

Употребените годишни стапки на амортизација односно предвидените корисни векови на употреба на НПО за 2011 година во однос на 2010 година се следните:

	2011	**2010**	**2011**	**2010**
Недвижности	2.5-5 %	2.5-5 %	20-40 години	20-40 години
Постројки и опрема	10-25 %	10-25 %	4-10 години	4-10 години
Возила	10-25 %	10-25 %	4-10 години	4-10 години
Компјутерска опрема	25 %	25 %	4 години	4 години
Канцелариски мебел	20 %	20 %	5 години	5 години

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.12. Нематеријални средства

Едно средство се признава за нематеријално кога е сигурно дека субјектот го поседува истото, може да го идентификува и кое нема физичка содржина.

Почетното мерење на едно нематеријално средство е според набавната вредност што ја сочинуваат трошоците за негово стекнување, а тоа се износот на исплатени парични средства или еквиваленти на парични средства во моментот на негово стекнување. Последователно, нематеријалните средства се признаваат по нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација.

Амортизацијата не нематеријалните средства претставува систематска распределба на амортизирачкиот износ за време на корисниот век на употреба средството. Стапката на амортизација во 2011 година изнесува 20% годишно (2010: 20%).

3.13. Оштетување на средствата

Средствата кои имаат неограничен век на користење и не се амортизираат се предмет на годишна анализа за можноста за нивно оштетување. Средствата кои се амортизираат се предмет на анализа за можноста за нивно оштетување секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сегашна сметководствена вредност е повисока од нивната надоместувачка вредност што покажува дека истите се оштетени. Загубата поради оштетување се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност. Надоместувачка вредност претставува повисоката вредност од нето продажната вредност на средството намалена за трошоците за продажба и употребната вредност на средството.

3.14. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачи се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

Обврските спрема добавувачи се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно порамнување, со товарење на останатите приходи.

3.15. Обврски по кредити

Обврските по кредити се состојат од обврски по краткорочни и долгорочни кредити и се искажуваат според нивната номинална вредност. Износите на договорената камата се искажуваат во корист на останатите обврски, а на товар на расходите од финансирање. Обврските по кредитите од странство се искажуваат според курсот на Денарот на денот на билансот на состојба, а курсните разлики се евидентираат во рамките на приходи, односно расходи од финансирање.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.16. Капитал

(1) Основна главнина

Основната главнина се признава во висина на номиналната вредност на издадените и уплатени акции.

(2) Законски резерви

Законските резерви се формираат од остварената добивка врз основа на законските одредби и со распоред на ревалоризационите резерви, а можат да се употребат за покривање на загубата. Согласно законските одредби, Друштвото е должно да издвои од добивката за тековната година минимум 15% за законски резерви, се додека резервите не достигнат 20% од основната главнина на Друштвото. Доколку износот на оваа резерва не надминува 20% од вредноста на основната главнина, истата може да биде употребена само за покривање на загуби. Доколку резервата надмине 20% од акционерскиот капитал на Друштвото, може да биде употребена за исплата на дивиденди со претходна одлука на Собранието на акционери.

(3) Ревалоризациона резерва

Ревалоризационата резерва се формира врз основа на извршената годишна ревалоризација согласно изнесеното во точка 3.11. на овие белешки. Во согласност со законските прописи, салдото на ревалоризационата резерва по годишната пресметка се евидентира во рамките на капиталот. Оваа резерва не е предмет на распределба.

3.17. Наеми

Наемите со кои се пренесуваат на Друштвото сите ризици и користи кои произлегуваат од сопственоста на изнајменото средство се признаваат како финансиски наеми, при што средството се евидентира според неговата објективна вредност или доколку е таа пониска, сегашната вредност на минималните плаќања за наемот.

Наемите каде што значаен дел од ризиците и користите кои произлегуваат од сопственоста се задржани од наемодавателот, се класифицираат како оперативни наеми. Плаќањата за наем при оперативен наем се искажуваат во билансот на успех на рамномерна основа за времетраењето на наемот во евиденцијата на наемателите. Наемодавателите ги презентираат средствата кои се предмет на оперативен наем во билансот на состојба како средства за издавање или вложувања во недвижности.

3. Основни сметководствени политики (Продолжение)

3.18. Користи на вработените

Користи на вработените се сите форми на надоместок кој го дава Друштвото во размена за извршената услуга од страна на вработените.

(1) Краткорочни користи за вработените

Краткорочни користи за вработените се користи кои доспеваат за плаќање во рамките на дванаесет месеци по крајот на периодот во кој вработените ја извршиле услугата. Тука спаѓаат платите и придонесите за социјално осигурување, краткорочно платени отсуства, учества во добивките и други немонетарни користи. Сите краткорочни користи за вработените се признаваат како расход и обврска во висина на недисконтираниот износ на користите.

(2) Користи по престанок на вработувањето

Друштвото врши уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во согласност со домашната законска регулатива. Придонесите, засновани на платите на вработените, се уплатуваат во Националниот фонд. Друштвото нема никакви дополнителни обврски поврзани со плаќањето на овие придонеси.

Друштвото е обврзано да им исплати на вработените кои заминуваат во пензија минимална отпремнина која одговара на два месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирање.

3.19. Резервации

Резервации (резерви за обврски) се признаваат кога Друштвото има сегашна обврска (правна или изведена) како резултат на минат настан, кога е веројатно дека ќе настанат идни одливи на средства по тој основ и кога е можно да се процени износот на обврската. Кога се очекува надоместување на дел од ваква обврска во иднина, пример преку договори за осигурување, надоместувањето се признава како посебно средство но само кога е извесно дека ќе биде примено истото. Расходот за било која резервација се признава во билансот на успех намалено за износот на надоместувањето. Ако ефектот од временската димензија на парите е значаен, резервациите се дисконтираат на нивната сегашна вредност со примена на стапки пред оданочување кои ги одразуваат тековните пазарни проценки.

3.20. Неизвесности

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни обврски не се признаваат во финансиките извештаи, туку само се обелоденуваат.

Неизвесни средства се можни средства кои произлегуваат од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Друштвото. Неизвесни средства се признаваат само кога е веројатен приливот на економски користи.

4. Финансиски ризици и управување со истите

Друштвото влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со нив се следните:

4.1. Пазарен ризик

Ризик од промени на курсевите

Друштвото влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик. Според ова, Друштвото е изложено на можните флуктуации на странските валути, чиј ефект е даден во табелата подолу.

Ризик од промени на цените

Друштвото е изложено на ризик од промени на цените на вложувањата расположливи за продажба и истиот е надвор од контрола на Друштвото. Изложеноста на Друштвото на ваков вид на ризик е даден преку износите на овие вложувања во белешката 20.

4.2. Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик со оглед дека купувачи се голем број на друштва во земјата и странство. Друштвото нема изградено посебна политика со цел да се управува или да се намали кредитниот ризик.

4.3. Каматен ризик

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има депонирани средства во банки договорени по варијабилни каматни стапки. Со оглед дека Друштвото нема користено вакви кредити и позајмици ниту има депонирани средства во банки, може да се каже дека не постои изложеност спрема ваков вид на ризик.

4.4. Ликвидносен ризик

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски и Друштвото нема вакви проблеми во своето работење.

4. Финансиски ризици и управување со истите (Продолжение)

4.5. Даночен ризик

Согласно законските прописи во РМ, финансиските извештаи и сметководствените евиденции на Друштвото подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесувањето на даночните извештаи за годината. Заклучно со датумот на Извештајот на ревизорите, не е извршена контрола на данокот од добивка за 2011 година, како и на данокот на додадена вредност, персонален данок на доход и придонеси на лични примања. Според ова, дополнителни даноци во случај на идна контрола од страна на даночните власти во овој момент не може да се определат со разумна сигурност.

5. Утврдување на објективна вредност

Друштвото располага со финансиски средства и обврски кои ги вклучуваат побарувањата од купувачи, вложувањата расположливи за продажба, обврските кон добавувачи и обврските по кредити, како и нефинансиски средства за кои голем број на сметководствени политики и обелоденувања бараат утврдување на нивната објективна вредност.

Објективната вредност на финансиските средства и обврски е приближна на нивната сметководствена вредност со оглед на фактот дека истите имаат релативно кратка доспеаност во рок од максимум до една година од датумот на билансот на состојба, со исклучок на вложувањата расположливи за продажба кои имаат карактер на долгорочни средства и за кои објективната вредност е утврдена врз основа на последната пазарна цена на истите на датумот на билансот на состојба.

6. Финансиски инструменти

6.1. Ризик на финансирање

Друштвото не врши финансирање на своето работење по пат на користење на краткорочни и долгорочни кредити, па затоа и не постои изложеност на ризик од финансирање.

6.2. Ризик од девизни валути

Друштвото влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути.

Состојбата со девизните износи на средствата и обврските деноминирани до денари на 31.Декември 2011 и 2010 година по валути е следната:

	Средства		**Обврски**	
	2011	**2010**	**2011**	**2010**
ЕУР	75,741	116,478	20,216	88,597
УСД	45,215	25,717	23,479	23,479
Други	621	605		
	121,577	**142,800**	**43,695**	**112,076**

Друштвото претежно е изложено на ЕУР.

6. Финансиски инструменти (Продолжение)

6.2. Ризик од девизни валути (Продолжение)

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување за 10% на македонскиот денар во однос на странските валути. Анализата е направена на девизните салда на средствата и обврските на датумот на билансот на состојба. Позитивните износи се зголемувања на добивката, а негативните се намалувања на добивката за соодветниот период.

	Зголемувања за 10%		Намалувања за 10%	
	2011	**2010**	**2011**	**2010**
ЕУР	5,553	2,788	(5,553)	(2,788)
УСД	2,173	224	(2,173)	(224)
Други	62	60	(62)	(60)
Нето Ефект	**7,788**	**3,072**	**(7,788)**	**(3,072)**

6.3. Ризик од промени на каматите

Друштвото се изложува на ризик од промени на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки.

Друштвото нема значајни средства или обврски кои носат камата, па затоа и непостои изложеност на ризик од промени на каматите. Приходите и расходите на Друштвото се во добар степен независни од промените на каматните стапки.

6.4. Ризик од ликвидност

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друшвото со состојба на 31.Декември 2011 година според нивната доспеаност:

	До 1 месец	**1 - 3 мес.**	**3-12 мес.**	**Над 12 мес.**	**Вкупно**
Парични средства	111,967	-	-	-	**111,967**
Купувачи	292,949	32,195	-	-	**325,144**
Дадени аванси	-	10,931	-	-	**10,931**
Останати побарув.	222	47	-	-	**269**
Дадени позајм.	-	-	11,059	-	**11,059**
Вложувања	-	-	541	-	**541**
	405,138	**43,173**	**11,600**	**-**	**459,911**
Добавувачи	98,423	-	-	-	**98,423**
Обврски за аванси	-	53,862	-	-	**53,862**
Кредити	-	-	-	-	**-**
Останати обврски	34,681	-	-	-	**34,681**
	133,104	**53,862**	**-**	**-**	**186,966**

6. Финансиски инструменти (Продолжение)

6.4. Ризик од ликвидност(Продолжение)

Следната табела ја дава рочноста на финансиските средства и обврски на Друшвото со состојба на 31.декември 2010 година според нивната доспеаност:

	До 1 месец	1 - 3 мес.	3-12 мес.	Над 12 мес.	Вкупно
Парични средства	110,376	-	-	-	**110,376**
Купувачи	254,878	118,610	131	-	**373,619**
Дадени аванси	-	3,000	-	-	**3,000**
Останати побарув.	7,798	837	-	-	**8,635**
Дадени позајм.	10,244	-	-	-	**10,244**
Вложувања	-	-	-	666	**666**
	383,296	**122,447**	**131**	**666**	**506,540**
Добавувачи	191,628	8,486	-	-	**200,114**
Обврски за аванси	-	124,249	-	-	**124,249**
Кредити	-	-	-	-	**-**
Останати обврски	25,937	100	-	-	**26,037**
	217,565	**132,835**	**-**	**-**	**350,400**

6.5. Кредитен ризик

Кредитниот ризик се јавува во случај кога купувачите на Друштвото нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Побарувањата од купувачи се состојат од поголем број на поединечни салда. Овие побарувања не се обезбедени со било какво обезбедување во форма на меници, гаранции или друг вид на колатерал, со исклучок на примените аванси од купувачите.

Старосната структура на побарувањата од купувачи на 31.Декември 2011 е како што следува:

	Во (000) МКД		
	Бруто износ	**Исправка на вредноста**	**Нето износ**
Нефактурирани побарувања	32,195	-	32,195
Недоспеани побарувања	96,472	-	96,472
Доспеани (неоштетени) побарувања			
- до 1 година	193,861	-	193,861
- над 1 година	2,616	-	2,616
	325,144	**-**	**325,144**

Побарувањата постари од една година во износ од 2,616 илјади МКД се однесуваат на побарувања од домашни фирми за кои се преземаат мерки за нивна наплата по пат на опомени и поднесување на судски тужби. Менаџментот на Друштвото смета дека истите ќе бидат целосно наплатени.

7. Известување по сегменти

7.1. Деловни сегменти

Друштвото во текот на своето работење е организирано во следните деловни сегменти:

- Производи - производство и продажба на челични конструкции,
- Услуги - услуги за монтажа и друго,
- Стоки и материјали - продажба на отпадни материјали и
- Останато - кирии и сл..

Резултатите по сегменти за годината која што завршува на 31.Декември 2011 година како и останатите сегменти информации се следните:

	Производи	**Услуги**	**Стоки и материј**	**Останато**	**Вкупно**
Приходи од продажба	881,886	410,966	27,157	705	**1,320,714**
Останати приходи	2,298	1,071	71	2	**3,441**
Вкупно приходи	884,184	412,037	27,228	707	**1,324,155**
Оперативна добивка/резултат на сегментот	**85,756**	**39,963**	**2,641**	**69**	**128,429**
Приходи од финансирање					**12,579**
Расходи од финансирање					**(7,632)**
Бруто добивка					**133,376**
Данок од добивка					**(890)**
Нето добивка					**132,486**
Други информации					
Вкупни средства по сегменти	644,557	300,369	19,849	515	**965,289**
Вкупни обврски по сегменти	124,844	58,178	3,844	100	**186,966**
Амортизација	32,788	15,280	1,010	26	**49,104**
Инвестиции во основни средства	40,954	19,085	1,261	33	**61,333**

7. Известување по сегменти (Продолжение)

7.1. Деловни сегменти (Продолжение)

Резултатите по сегменти за годината која што завршува на 31.Декември 2010 година како и останатите сегменти информации се следните:

	Производи	Услуги	Стоки и материј	Останато	Вкупно
Приходи од продажба	528,167	336,629	16,398	470	**881,664**
Останати приходи	9,372	5,973	291	8	**15,644**
Вкупно приходи	537,539	342,602	16,689	478	**897,308**
Оперативна добивка/резултат на сегментот	**3,182**	**2,028**	**99**	**3**	**5,311**
Приходи од финансирање					**19,900**
Расходи од финансирање					**(10,910)**
Бруто добивка					**14,301**
Данок од добивка					**(676)**
Нето добивка					**13,625**
Други информации					
Вкупни средства по сегменти	625,084	398,400	19,407	556	**1,043,447**
Вкупни обврски по сегменти	209,910	133,787	6,517	187	**350,400**
Амортизација	28,729	18,311	892	26	**47,957**
Инвестиции во основни средства	45,830	29,210	1,423	41	**76,504**

7. Известување по сегменти (Продолжение)

7.2. Географски сегменти

Република Македонија е матична земја за Друштвото, при што истото остварува дел од своите активности (продажби) и на надворешните пазари, и тоа како што следува:

Продажби во:	**2011**	**2010**
Република Македонија	742,830	583.051
Југоисточна Европа	435,368	262,499
Западна Европа	145,957	51,758
Други земји (Сад, Русија и др)	-	-
Вкупно	**1,324,155**	**897,308**

Прикажувањето на продажбите е според потеклото на купувачите.

Вкупни средства во:	**2011**	**2010**
Република Македонија	919,592	983,765
Југоисточна Европа	16,892	47,373
Западна Европа	28,805	12,309
Други земји (Сад, Русија и др)	-	-
Вкупно	**965,289**	**1,043,447**

Вкупни инвестиции во:	**2011**	**2010**
Република Македонија	61,333	76,504
Југоисточна Европа	-	-
Западна Европа	-	-
Други земји (Сад, Русија и др)	-	-
Вкупно	**61,333**	**76,504**

Информации за главни купувачи (над 10% од вкупен приход):

Купувач	**% на учество во приходи**	**Износ на приходи**
Монтмонтажа Хрватска	27%	354,542
Макстил АД Скопје	14%	184,492
ИГМ Трејд Кавадарци	11%	143,164

8. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Приходи од продажба на домашен пазар	711,527	550,539
Приходи од продажба на странски пазар	581,325	314,257
Вкупно приходи од продажба	**1,292,852**	**864,796**

9. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Приходи од продажба на отпадоци	27,157	26,622
Приходи од наемнина	705	470
Приходи по основ на надомест на штети	782	2,180
Приходи од вишоци на средства	644	1,018
Приходи од продажба на основни средства	1,104	2,220
Останато	911	2
Вкупно останати оперативни приходи	**31,303**	**32,512**

10. УПОТРЕБЕНИ СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Потрошени суровини и материјали	585,097	388,463
Енергија	53,673	26,973
Потрошени резервни делови	15,202	16,451
Потрошен ситен инвентар	4,287	4,114
Вкупно трошоци за суровини и материјали	**658,259**	**436,001**

11. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Бруто плати на вработени	329,386	302,068
Надомести на бруто плати на вработени	3,256	2,591
Трошоци за службени патувања	1,572	2,078
Трошоци за теренски додаток	7,618	8,510
Трошоци за технолошки вишок	3,023	4,147
Отпремнини и помошти	677	813
Останато	952	1,015
Вкупно трошоци за вработени	**346,484**	**321,222**

12. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Надворешни услуги за изработка на производи	9,888	2,932
Услуги од кооперанти	53,896	11,470
Трошоци за контрола, атест и обезбедување	6,576	14,888
Транспортни услуги	28,257	14,159
Тековно одржување	4,247	4,283
Трошоци за осигурување на имот	3,858	4,253
Надомест за банкарски услуги	3,112	2,756
Реклама и пропаганда	1,908	4,222
Спонзорства	2,602	208
ПТТ Услуги	2,201	2,351
Трошоци за комунални услуги	2,043	1,254
Услуги за тековна заштита	1,272	2,961
Трошоци за обезбедување	2,490	2,781
Услуги за стручно образование	744	753
Интелектуални услуги	2,765	3,192
Компјутерски услуги	983	1,390
Посредничка провизија	1,433	254
Отпис на краткорочни побарувања	4,799	-
Останато	8,805	12,710
Вкупно останати оперативни расходи	**141,879**	**86,817**

13. ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Камати од купувачи	1,101	1,161
Камати од депозити и позајмици	218	510
Позитивни курсни разлики	11,219	18,194
Приходи од дивиденди	41	35
Вкупно приходи од финансирање	**12,579**	**19,900**

14. РАСХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Камати по судски пресуди	10	3,516
Курсни разлики	7,622	7,394
Вкупно расходи од финансирање	**7,632**	**10,910**

15. ДАНОК ОД ДОБИВКА

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Непризнаени расходи		
Исплатени надоместоци за технолошки вишок	-	1,944
Трошоци за членови на УО	229	487
Сегашна вредност на расходувани средства	-	403
Премии за осигурување	-	842
Репрезентација и пропаганда	1,081	2,829
Спонзорства и донации	2,602	251
Отпис на ненаплатени побарувања	4,799	-
Парични казни	55	-
Стипендии	132	-
Даночна основа	**8,898**	**6,756**
Данок од добивка	**890**	**676**
Други ослободувања	-	-
Добивка пред оданочување	**133,376**	**14,301**
Ефективна даночна стапка	**0.67%**	**4.72%**

Тековниот данок од добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Македонија. Согласно измените на даночните прописи, тековниот данок од добивка се пресметува на основа која претставува одредени трошоци кои не се признаваат за цели на оданочување (непризнаени трошоци), помалку искажани приходи со поврзани лица и во случај кога се врши распределба на добивката за дивиденди на физички лица и нерезиденти. Данокот од добивка се пресметува со примена на важечката даночна стапка на датумот на билансот на состојба по стапка од 10% (2010: 10%).

16. ДИВИДЕНДА ПО АКЦИЈА

На годишното собрание на Факом АД Скопје за 2011 година, кое ќе се одржи во 2012 година, ќе се врши распределба на остварената добивка за 2011 година. Овие финансиски извештаи не ја содржат оваа распределба, со оглед дека истата ќе биде искажана во Извештајот за промените во главнината за 2012 година. Објавените дивиденди за обични акции за 2011 година се во износ од 47,085 илјади МКД (2010: 40,789 илјади МКД), или 703 МКД за 1 акција (2010: 609 МКД за 1 акција).

17. ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА

а) основна заработувачка по акција	**2011 (000) МКД**	**2010 (000) МКД**
Нето добивка која им припага на имателите на обични акции		
Нето добивка за годината	132,486	13,625
Дивиденда на приоритетни акции	-	-
Нето добивка која им припаѓа на имателите на обични акции	**132,486**	**13,625**

	број на акции	
	2011	**2010**
Пондериран просечен број на обичните акции		
Издадени обични акции на 1.Јануари	**67,000**	**67,000**
Ефекти од промени на бројот на обични акции:	-	-
Пондериран просечен број на обичните акции на 31.декември	**67,000**	**67,000**
Основна заработувачка по акција (во МКД)	**1,977**	**203**

18. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

Промени во текот на 2011 година:

О п и с	Земјиште и градежни објекти (000) МКД	Постројки и опрема (000) МКД	Алат, инвентар, мебел и транс. сред. (000) МКД	Инвестиции во тек (000) МКД	Вкупно (000) МКД
Набавна вредност					
Состојба на 1. Јануари	**184,881**	**562,943**	**490,862**	**22,142**	**1,260,828**
Директни зголемувања	839	-	-	60,207	61,046
Пренос од инвестиции во тек	13,065	15,231	6,040	(34,336)	-
Пренос во нематеријални	-	-	-	(5,022)	(5,022)
Преноси	237	(127)	(110)	-	-
Расходи -продажби	-	(12,377)	(1,620)	-	(13,997)
Вишок по попис	-	566	78	-	644
Состојба на 31,Декември	**199,022**	**566,236**	**495,250**	**42,991**	**1,303,499**
Акумулирана амортизација					
Состојба на 1. Јануари	**114,204**	**431,486**	**336,794**	**-**	**882,484**
Амортизација	4,868	27,787	15,245	-	47,900
Расходи -продажби	-	(12,377)	(1,613)	-	(13,990)
Состојба со 31.Декември	**119,072**	**446,896**	**350,426**	**-**	**916,394**
Сегашна вредност на:					
31.12.2011 година	**79,950**	**119,340**	**144,824**	**42,991**	**387,105**
31.12.2010 година	**70,677**	**131,457**	**154,068**	**22,142**	**378,344**

Со состојба на 31.Декември 2011 година, дел од градежните објекти и опремата на Друштвото со сегашна вредност од 61,209 илјади денари се ставени под хипотека како обезбедување за искористените банкарски гаранции (Белешка 32).

19. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Промени во текот на 2011 година:

	Концесии (000) МКД	Лиценци (000) МКД	Останати (000) МКД	Вкупно (000) МКД
Набавна вредност				
Состојба на 1. Јануари	**-**	**3,256**	**-**	**3,256**
Набавки	-	287	-	**287**
Пренос од инвестиции	-	5,022	-	**5,022**
Продажби	-	-	-	**-**
Состојба на 31,Декември	**-**	**8,565**	**-**	**8,565**
Акумулирана амортизација				
Состојба на 1. Јануари	**-**	**446**	**-**	**446**
Амортизација за тековна година	-	1,204	-	1,204
Продажби	-	-	-	-
Состојба со 31.Декември	**-**	**1,650**	**-**	**1,650**
Сегашна вредност на:				
31.12.2011 година	**-**	**6,915**	**-**	**6,915**
31.12.2010 година	**-**	**2,810**	**-**	**2,810**

Лиценците вклучуваат право на користење на апликативен и оперативен софтвер.

20. ВЛОЖУВАЊА РАСПОЛОЖЛИВИ ЗА ПРОДАЖБА

	% на сопственост	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Комерцијална Банка АД Скопје	0.01%	541	666
Вкупно вложувања		**541**	**666**

Друштвото располага со вложување во 205 обични акции (2011: 205 акции) издадени од Комерцијална банка АД Скопје. Вложувањето е усогласено со последната пазарна цена на акциите на Македонската Берза на датумот на билансот на состојба. Разликата од усогласувањето е прикажана во рамките на главнината на Друштвото и останатата сеопфатна добивка.

21. ЗАЛИХИ

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Залиха на поцинкуван лим	362	2,597
Залиха на лимови, носачи и винкли	67,697	110,895
Залиха на резервни делови и помошни материјали	43,291	42,253
Останати залихи	8	8
Вкупно залихи	**111,358**	**155,753**

22. ПОБАРУВАЊА ОД ПРОДАЖБА

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Купувачи на производи и услуги во земјата	211,506	196,036
Купувачи - Подружници на странски фирми	45,451	9,147
Побарување на купувачи по основ на камати	390	1,325
Побарувања од купувачи во странство	35,602	59,278
Нефактурирани приходи по договори во земјата	32,195	59,988
Нефактурирани приходи по договори во странство	-	47,845
Сомнителни и спорни побарувања	-	-
	325,144	**373,619**
Минус: Исправка на вредноста на сомнителни побарувања од купувачи	-	-
Вкупно нето побарувања од продажба	**325,144**	**373,619**

23. ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Дадени аванси на добавувачи во земјата	836	2,596
Дадени аванси на добавувачи во странство	10,095	404
	10,931	**3,000**
Минус: Исправка на вредноста на сомнителни побарувања за дадени аванси	-	-
Вкупно побарувања за дадени аванси	**10,931**	**3,000**

24. ДАДЕНИ ЗАЕМИ

		2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Даден заем на:			
Когел Север ДОО Скопје	(а)	5,000	7,000
НИК Нова Принт ДООЕЛ Скопје	(б)	5,059	3,244
РК Металург	(в)	1,000	-
Вкупно краткорочни дадени заеми		**11,059**	**10,244**

(а) Салдото потекнува од склучен договор за краткорочен заем на износ од 10,000 илјади МКД, и Анекс од 22.12.2011 година, со каматна стапка од 7% годишно и рок на враќање до 31.12.2012 година, Обезбедување се примени меници.

(б) Салдото потекнува од склучени договори за безкаматен краткорочен заем со рок на враќање до 31.12.2012 година. Обезбедување се примени меници.

(в) Салдото потекнува од склучен договор за краткорочен заем на износ од 7,000 илјади денари, од кои искористени се 1,000 илјади денари со рок на враќање до 22.04.2012 година и каматна стапка од 7% годишно.

25. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ СРЕДСТВА И АВР

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Побарувања за ДДВ	-	7,626
Побарување за повеќе платен данок на добивка	47	837
Побарувања од вработените	222	172
Останати побарувања	-	-
Вкупно	**269**	**8,635**

26. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Денарски сметки кај домашни банки	36,051	27,217
Девизни сметки кај домашни банки	75,848	82,945
Денарски благајни	36	41
Девизни благајни	32	173
Вкупно парични средства	**111,967**	**110,376**

27. АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ

	2011 Бр. на акции	2010 Бр. на акции	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Обични акции	67,000	67,000	207,703	207,703
Вкупно	**67,000**	**67,000**	**207,703**	**207,703**

Акционерскиот капитал на Друштвото претставува номиниран капитал кој се формира со издавање на хартии од вредност (акции) на акционерите. Друштвото има издадено обични акции. Обичните акции носат право на учество во распределбата на остварената добивка (дивиденда) и право на управување со Друштвото (право на глас).

Номиналната вредност на една акција изнесува 51.13 ЕУР.

Проценетата вредност на капиталот утврдена при првата емисија на акции од страна на Друштвото е прикажана во сметководствената евиденција и е извршена усогласеност помеѓу вкупната номинална вредност на акционерскиот капитал регистриран во трговскиот регистар и Централниот депозитар за хартии од вредност (ЦДХВ) и неговиот сметководствен износ.

Разликата која постоела помеѓу проценетата вредност на капиталот утврдена при првата емисија на акции од страна на Друштвото и вкупната номинална вредност на акционерскиот капитал регистриран во трговскиот регистар и Централниот депозитар за хартии од вредност (ЦДХВ) е прикажана како објективна вредност и останати резерви во износ од 26,878 илјади денари..

Следните акционери имаат сопственост над 5% од акциите кои носат право на глас со состојба на 31.декември 2011 и 2010 година:

	2011 %	2010 %
Акционер:		
Репро Оне лимитед	97.23%	97.23%

28. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Обврски спрема добавувачи во земјата	92,572	182,544
Обврски спрема добавувачи во странство	5,717	17,443
Обврски кон добавувачи за задржни депозити	134	127
Останато	-	-
Вкупно обврски спрема добавувачи	**98,423**	**200,114**

29. ОБВРСКИ ЗА ПРИМЕНИ АВАНСИ

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Примени аванси во денари	15,884	29,616
Примени аванси во странска валута	37,978	94,633
Вкупно обврски за примени аванси	**53,862**	**124,249**

30. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПВР

	2011 (000) МКД	2010 (000) МКД
Обврски за нето плати спрема вработени	14,995	13,590
Обврски за надомести од плати спрема вработени	181	156
Обврски за персонален данок од плати	1,433	1,261
Обврски за придонеси од плати	7,038	6,331
Обврски за технолошки вишок	380	337
Обврски за ДДВ	5,918	-
Обврски за дивиденди	1,393	1,314
Обврски за награди	309	309
Обврски за данок од добивка	-	100
Останати обврски	3,034	2,639
Вкупно останати краткорочни обврски и ПВР	**34,681**	**26,037**

31. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

а) Земени банкарски гаранции

Друштвото има склучено договори за земени банкарски гаранции од Комерцијална банка АД Скопје со следните износи и рокови на доспевање.

Корисник на гаранцијата	(000) МКД	УСД	ЕУР	Рок на доспевање
Царина	1,000	-	-	24/05/2012
Гама	-	-	46,496.07	30/09/2012
Макпетрол	900	-		20/01/2012
Монтмонтажа	-	-	757,225.29	09/04/2014
Такраф Германија			30,968.61	31/12/2011
Такраф Германија			144,844.57	30/07/2012
Такраф Германија	-	-	33,750.00	30/07/2012
Давидаг-Германија			34,190.00	30/06/2012
Вкупно	**1,900**	**-**	**1,047,475**	
Вкупно во (000) МКД	**1,900**	**-**	**64,425**	
Вкупно во (000) МКД	**66,325**			

Гаранциите издадени од страна на Комерцијална банка АД Скопје во корист на Друштвото се одобрени врз основа на склучен договор за рамковен лимит на вкупен износ од 7,000,000 ЕУР. Издадените гаранции се обезебеди со дадени хипотеки и залози на имотот на Друштвото.

б) Дадени хипотеки и залози на својот имот

Друштвото има дадено хипотеки и залози на својот имот како обезбедување на искористените банкарски гаранции на следниот имот:

а) Производна хала со површина од 24,337 м2-ИЛ 4559;
б) Кранови, трафостаници и гасна комора по проценка;

Вкупната вредност на проценетиот имот изнесува 7,182,700 ЕУР или 441,772 илјади МКД.

32. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ (Продолжение)

в) Судски спорови

Друштвото е тужена странка во неколку судски постапки кои произлегуваат од редовното работење на Друштвото. Вкупниот износ на тужби против Друштвото на 31.Декември 2011 година изнесува 32,387 илјади МКД и претставуваат тужби по разни основи (од добавувачи, тужби за надомест на штети и останато). Менаџментот на Друштвото смета дека не постојат значајни идни обврски од овие судски спорови.

Од друга страна, Друштвото се јавува како тужител во поголем број на судски постапки кои произлегуваат од редовното работење на Друштвото. Вкупниот износ на тужби во корист на Друштвото на 31.Декември 2011 година изнесува 348,744 илјади МКД кои воглавно претставуваат тужби за неисполнување на договори, ненаплатени побарувања за извршени работи и друго. Потенцијални средства не се признаваат во финансиските извештаи.

33. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА

По датумот на составување на билансот на состојба не се случиле настани кои имаат материјално значење на деловните активности на Друштвото.

Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работењето согласно одредбите на ЗТД

Согласно член 476, став 4 од Законот за трговски друштва Годишната сметка која ја изготвуваат трговските друштва вклучува биланс на состојба и биланс на успех и објаснувачки белешки.

Согласно член 476, став 6 од Законот за трговски друштва Годишната сметка и финансискиот извештај кои се однесуваат за иста деловна година и кои се подготвени согласно одредбите на Законот и со прописите за сметководство треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварената добивка односно загуба на друштвото за деловната година.

Согласно член 477, став 6 од Законот за трговски друштва, Органот на управување на Друштвото, покрај годишната сметка, односно финансиските извештаи, е должен, по завршување на секоја деловна година да изготви и извештај за работата на друштвото во претходната година со содржина определена во член 384 став 7 од ЗТД.

Годишната сметка на Друштвото и Годишниот извештај за работење се дадени во Додатоците 2 и 3.

Органот на Управување на Друштвото го разгледал и одобрил Годишниот извештај за работење на ден _____.

ФАКОМ АД Скопје
Директор

Годишна сметка за 2011 година
- Биланс на состојба
- Биланс на успех
- Извештај за сеопфатна добивка

Годишен извештај за 2011 година